- Знаења и вештини од проекти кои се имплементираат во наставата, програми за еколошката едукација во образовниот систем, придобивките од употребата на училишните Кодекси и правилници, критериуми и етички кодекси на оценувањето на постигањата на учениците;
- Продобивките од примената на ИКТ во планирање и реализација на наставата и воннаставните активности;

Учество на многу натпревари, соработка со родители, локална средина, медиуми и други организации;

Организација на многубројни хуманитарни акции развивајќи ја хуманоста кај нашите ученици во соработка со ЦК.

### *7. Подрачја на промени, приоритети и цели*

| **Приоритетно подрачје на промени** | Обезбедување квалитет (евалуација, самоевалуација и развој) |
|---|---|
| **Цели:**<br>**Доопремување на училиштето со нагледни средства. Обезбедување на нагледни средства за успешна реализација на наставата во училиштето.**<br><br>**Очекувани исходи:**<br>**Зголемен број на наставни средства и поквалитетна настава.** | |

| **Задачи:**<br>**Обезбедување на финасиски средства и донации за набавка нагледни средства.** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индика-тори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите** |
| Изготвување на акционен план и временска рамка за набавка на нагледни средства | Изготвен Акционен план | Директор, Стручна Служба, наставници | Почнувајќи од септември 2023, според однапред утврден план | Директор, Стручна служба, наставни и ученици | Директор, Стручна служба, наставнии ученици |

**7.1.1 План за евалуација на акциските планови**

**Одговорни за следење**

**Критериум за успех** – Подобрување на квалитетот на наставата во наставата со деца со посебни потреби.

**Инструменти** – Акциски план.

**Индикатори за успешност** – Зголемена примена на стекнатото знаење од спроведената обука.

**Повратна информација** – Повратна информација од наставниците за искуствата во примената на стекнатите знаења.

| Приоритетно подрачје на промени | Финансиско раководење<br>Раководење со материјалните ресурси |
|---|---|
| Цели:<br>**Опремување на медиатека за потребите по предметот информатика**<br><br>Очекувани исходи:<br>**Опремена на медиатека за предметот информатика.** | |

| Задачи:<br>**1.Формирање на тим за процена на потребите по поредметот информатика.**<br>**2. Подготока на план за опремување на медиатека.** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индика-тори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите** |
| * Изготвување на акционен план и временска рамка за опремување на медиатеката<br><br>*Набавка на опрема за медиатека | Изготвен Акционен план<br><br>Набавена и инсталирана опрема | Директор, Комисија за јавни набаки<br><br>Директор, Комисија за јавни набаки | Во текот на учебниата 2023/2024 година<br><br>Во текот на учебниата 2023/2024 година | ДиректорСметководител, Наставник по информатика<br><br>ДиректорСметководител, Наставник по информатика | Директор, Комисија за јавни набаки<br><br>Директор, Комисија за јавни набаки |

### 7.1.2 План за евалуација на акциските планови

**Одговорни за следење** – Училишниот одбор, директор, стручна служба, комисија за јавни набавки и наставници.
**Критериум за успех** – Фукнкционална медиатека и зголемена електронска писменост кај учениците.
**Инструменти** - Акциски план.
**Индикатори за успешност** – Поставениа функционална опрема во медиатеката.
**Повратна информација** – Поголем успех на учениците.

## *8. Програми и организација на работата во основното училиште - ОФЕЛИЈА*

### 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

***<u>Календар за работа ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ Скопје за Учебна 2023/2024година - потребни ми се информации</u>***

## СЕПТЕМВРИ 2023

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1с | | | | | 1 | 2 | 3 |
| 2с | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 3с | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| 4с | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| 5с | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | |

***8 Септември (петок)-ден на независност***

## ОКТОМВРИ 2023

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5с | | | | | | | 1 |
| 6с | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 7с | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 8с | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 9с | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |
| 10с | 30 | 31 | | | | | |

***11 Октомври (среда) - Ден на востанието на македонскиот народ***

***23 ти Октомври (понеделник) - Ден на македонска революционерна борба***

## НОЕМВРИ 2023

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10с | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 11с | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 12с | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| 13с | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| 14с | 27 | 28 | 29 | 30 | | | |

## ДЕКЕМВРИ 2023

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14с | | | | | 1 | 2 | 3 |
| 15с | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 16с | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| 17с | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| 18с | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |

***8 ми Декември (петок) – Св. Климент Охридски***

***31 ви Декември (недела) – почеток на Зимски распуст***

Број на работни денови по месеци

| | П | В | С | Ч | П | ВКУПНО | | П | В | С | Ч | П | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СЕПТЕМВРИ | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 20 | ФЕВРУАРИ | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 20 |
| ОКТОМВРИ | 4 | 5 | 3 | 4 | 4 | 20 | МАРТ | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 | 23 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НОЕМВРИ | 4 | 4 | 5 | 5 | 4 | 22 | АПРИЛ | 3 | 4 | 4 | 4 | 2 | 17 |
| ДЕКЕМВРИ | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 20 | МАЈ | 4 | 5 | 4 | 4 | 4 | 21 |
| ЈАНУАРИ | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 9 | ЈУНИ | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 6 |

**ЈАНУАРИ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| 19 с | | | | | | 20 | 21 |
| 20 с | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 21 с | 29 | 30 | 31 | | | | |

***20 Јануари – почеток на второ полугодие***

**ФЕВРУАРИ 2024**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 с | | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 22 с | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 23 с | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 24 с | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| 25 с | 26 | 27 | 28 | 29 | | | |

**МАРТ 2024**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 25 с | | | | | 1 | 2 | 3 |
| 26 с | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 27 с | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| 28 с | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| 29 с | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |

***21 март (вторник)Ден на екологијата***

***АПРИЛ 2024***

| | *П* | *В* | *С* | *Ч* | *П* | *С* | *Н* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 с | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 30 с | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 31 с | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 32 с | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 33 с | 29 | 30 | | | | | |

**МАЈ 2024**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 34 с | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 35 с | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 36 с | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| 37 с | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |

**ЈУНИ 2024**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 38 с | | | | | | 1 | 2 |
| 39 с | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |

***2 Јуни-(петок)-духовденска задушница***

Легенда:

**Број на работни денови по полугодие**

| | П | В | С | Ч | П | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прво полугодие | 16 | 16 | 17 | 16 | 18 | 83 |
| Второ полугодие | 18 | 20 | 19 | 21 | 18 | 96 |
| Вкупно | 34 | 36 | 36 | 37 | 36 | 179 |

***Работни денови 180***

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 38 с | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | | Број на работна седмица | Забелешка: Денот на училиштето, денот на екологијата , деновите за изведување на екскурзија се работни денови кога се изведува настава со посебен вид програма |
| ***1 Мај (среда)-Ден на трудот*** ***3 Мај (петок)- Велики петок - верски празник*** ***6 Мај Велигден*** ***24 Мај (петок) -ден на сесловенските просветители*** | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | Денови | |
| | | | | | | | | Зимски распуст | |
| | | | | | | | | Неработни денови | |
| | | | | | | | | Ден на екологијата | |

***Еколошки денови***

17 октомври – Меѓународен ден за образование на сиромашните
08 ноември – Меѓународен ден на урбаните животни средини
27 ноември – Меѓународен ден против потрошувачката треска
29 декември – Меѓународен ден на биодиверзитетот
05 март – Светски ден за заштеда на енергија
21 март – Ден на пролетта кога започнуваат активностите за заштита на околината
21-28 март – Денови на пролетта за заштита на околината
22 март – Светски ден за заштита на водите
17 април – Светски ден на здравјето
22 април – Светски ден на планетата Земја
15 мај – Меѓународен ден за заштита на климата
24 мај – Светски ден против пушењето
05 јуни – Светски ден за заштита на околината

## 8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

Класните раководства ќе бидат доделени на предметните наставници кои се распределени со полн фонд часови во училиштето (доколку е можно) заради непречена комуникација со учениците од својата паралелка и родителите на истите, ќе се земе во предвид изборот да биде од наставници кои веќе завршиле со своето класно раководство, како и тоа да немаат во следната учебна година најавено подолго отсуство ( неплатен одмор, породилно отсуство и сл.)

Поделбата на часови ќе ја прави Директорот на училиштето  во соработка и насоки од педагог.  Вкупниот фонд на часови ќе се распредели на наставниците на кои ова им е матично училиште, за истите доколку нема доволен фонд часови ќе се пријави во општина Аеродром  и ќе дополнуваат во други општински основни училишта, ќе има и такви предметни наставници кои ќе го доплнуваат својот фонд во ова училиште.

Распоредот на часови ќе го подготвуваат предметните наставници Љубинка Стојановска и Слаѓана Настовска по претходно добиени податоци (распределба на часови, класни раководства, изборни предмети и избор на странски јазици) од Директорот во координација со добиени податоци од педагогот.

## 8.3.  Работа во смени

Задолжителната настава ќе се реализира во две смени, а учениците ќе бидат распределени по одделенија. Наставата ќе започнува во 7,30 часот наутро, а  ќе завршува во 17,35 часот.  Секој час ќе трае 40 минути. После вториот час има голем одмор во траење ,а останатите одмори меѓу часовите се по 5 минути.

## 8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

**Наставата ќе се изведува на стандарден македонски јазик.**

| | Македонски јазик | Албански Јазик | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 41 | | | | |
| Број на ученици | 1013 | | | | |
| Број на наставници | 75 | | | | |

## 8.5. Проширена програма -Офелија

Проширената програма се организира за прифаќање и заштита на учениците од прво, второ и трето одделение во согласност со родителите половина час пред започнувањето на наставата и 45 минути по завршување на наставата со одделенскиот раководител на паралелката. Учениците кои ќе останат по 15 часот и 30 минути од сите паралелки се згрижуваат во една просторија со дежурен наставник до 17 часот. Во делот на проширената програма ги опфаќа дополнителна и додатна настава, како и воннаставни и вонучилишни активности.

Оперативна проширена програма за прифаќање на учениците од I – III одделение еден час пред наставата и еден час по наставата за учебната 2023/2024 г.

| Септември | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | Активности еден час пред наставата | Цели | Активности еден час по наставата |
| **Раздвижување и правилен развој на телото** | Утринска гимнастика | Зајакнување на здравјето преку елементарни движења и правила | Подвижни игри во дворот по слободен избор |
| **Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност** | Слободни активности по катчиња | Запознавање со непосредната околина околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| **Развивање интерес и емоционално восприемање на музиката** | Слушање музика | Социјализација, развивање на другарски односи | Игри со играчките |
| **Создавање работни и културно-хигиенски навики** | Работни активности во училницата (полевање цвеќиња, уредување катчиња ...) | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри:Мижи баба |
| **Развивање на медиумска култура** | Гледање ТВ-емисии | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игри со топка |
| **Развивање на фантазијата и смисла за колористичко** | Цртање и сликање по слободен избор | Работни активности во природната околина | Работни активности во природната околина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ликовно изразување** | | (собирање суви лисја, шишарки ...) | (собирање суви лисја, шишарки ...) |
| **Култивирање на граматичкиот и изразен говор** | Слушање приказни | Развивање хигиенски навики при употреба на материјалите за моделирање | Моделирање по слободен избор |
| **Развивање интерес и љубов кон овој вид активности** | Работа со природни материјали | Будење интерес за користење на списанијата и создавање културен однос кон нив | Разгледување сликовници и детски списанија |
| **Оспособувањ е за работа со компјутер** | Работа со компјутер- игри | Проширување на знаењата за карактеристикит е на есента | Есенска прошетка |
| **Да се насочуваат кон богатството на боите и формите во визуелната стварност** | Боење во боенките | Социјализација, развивање на другарски односи | Игра: Нека лета, нека лета |
| Октомври | | | |
| **Раздвижување и правилен развој на телото** | Утринска гимнастика | Зајакнување на здравјето преку елементарни движења и правила | Подвижни игри во дворот: Волк и јагне |
| **Создавање љубов кон музиката** | Пеење песни | Запознавање со традиционалнит е игри од различни региони | Бабини игри:Јанино, Јанино |
| **Да се усовршуваат умеењата за моделирање разни форми** | Моделирање на одредена тема | Развивање на еколошката свест и културно-хигиенските навики | Работни активности во дворот(собирање отпаден материјал: шишиња, хартија...) |
| **Проширување и продлабочува** | | Развивање на основните | Игри со топка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ње на поимите за предметите и појавите во природната и општественат а средина** | Дидактички игри: Погоди што има во торбичето | движења и мускулатурата | |
| **Култивирање на граматичкиот и изразен говор** | Слушање аудио приказни | Запознавање со непосредната околина околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| **Оспособувањ е за работа со компјутер** | Работа со компјутер | Естетко уредување на училниците | Работни активности во  училницата (уредување на паноата) |
| **Развивање на способноста за решавање проблеми** | Истражувачки активности | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Слободни игри со играчките |
| **Будење интерес за користење на списанијата и создавање културен однос кон нив** | Разгледување сликовници и детски списанија | Развивање на основните движења | Слободно трчање Трчање преку мали препреки |
| **Ликовно творење и изразување** | Ликовна творба на тема: Есен | Јакнење на детското здравје | Игри на воздух: Брканица |
| Н о е м в р и | | | |
| **Раздвижување и правилен развој на телото** | Утринска гимнастика | Запознавање со традиционалнит е игри од различни региони | Бабини игри: Прстенче |
| **Развивање смисла за обликување на предмети и умеење за комбинирање и составување на материјалите** | Обликување со разни материјали | Почитување на правила на игра | Подвижни игри во дворот: Иде мачка покрај тебе |
| **Развивање интерес и емоционално** | | | Поединечно и групно трчање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **восприемање на музиката** | Слушање музика од детски фестивали | Развивање на основните движења | |
| **Будење интерес за користење на списанијата и создавање културен однос кон нив** | Разгледување сликовници и детски списанија | Запознавање со непосредната околина околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| **Проширување и продлабочување на поимите за предметите и појавите во природната и општествената средина** | Дидактички игри: Правење дожд | Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност | Слободни активности по катчиња |
| **Оспособување за работа со компјутер** | На компјутери со Тулкид | Формирање на естетски критериуми за уредување на училницата | Работни активности во училницата |
| **Развивање на поврзан говор** | Раскажување интересна случка | Поттикнување кон самостојно изразување и користење на материјалите за ликовно изразување | Цртање и сликање по слободен избор |
| **Создавање љубов кон музиката** | Пеење песни | Поттикнување на соработка и помагање | Игри со играчките |
| **Да се насочуваат кон богатството на боите и формите во визуелната стварност** | Боење во боенките | Почитување на правила на игра | Игра: Штркот бара боја |
| Декември | | | |
| **Раздвижување и правилен развој на телото** | Утринска гимнастика | Поттикнување на соработка и и интеракција меѓу децата | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност** | Во моето омилено катче | Почитување на правила на игра | Игра: Погоди по гласот кој е |
| **Оспособувањ е за работа со компјутер** | Работа со компјутер | Запознавање со традиционалнит е игри од различни региони | Бабини игри: Завор (игри со снежни топки) |
| **Збогатување на речникот** | Читање книги по избор | Почитување на правила на игра | Игра:Расипан телефон |
| **Развивање смисла за обликување** | Изработка на украси за Новогодишната елка | Да се негува смислата за убавото | Ја украсувам елката |
| **Ликовно творење и изразување** | Изработка Новогодишна честитка | Почитување на правила на игра | Игра: Брза географија |
| **создавање весело расположение кај децата** | Подготовка за Новогодишна приредба | Формирање на естетски критериуми за уредување на училницата | Ја украсувам училницата |
| **Создавање љубов кон музиката** | Пеење песни | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Мојата омилена игра |
| **Култивирање на граматичкиот и изразен говор** | Слушање аудио приказни | Јакнење на детското здравје | Игри на чист воздух |
| **Развивање способност за пишување творби** | Пишување творби на тема : Зима | Збогатување на детските интереси | Игри на компјутер |
| Ј а н у а р и | | | |
| **Раздвижување и правилен развој на телото** | Утринска гимнастика | Поттикнување на соработка и помагање | Игри со играчките |
| **Развивање на поврзан говор** | Мојот зимски распуст | Запознавање со традиционалнит е игри од | Бабини игри: Чавкини усти, Бабини прсти |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | различни региони | |
| **Ликовно творење и изразување** | Цртање и сликање на тема: Зима | Развивање на другарски односи | Игри во училишниот двор |
| **Збогатување на детските интереси** | Игри на компјутер | Почитување на правила на игра | Игра: Прстенче |
| Ф е в р у а р и | | | |
| **Раздвижување и правилен развој на телото** | Утринска гимнастика | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Игри по слободен избор |
| **Развивање интерес и емоционално восприемање на музиката** | Слушање музика од детски фестивали | Запознавање со традиционалнит е игри од различни региони | Бабини игри: Кибритче |
| **Да се усовршуваат умеењата за моделирање разни форми** | Моделирање на одредена тема | Запознавање со непосредната околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| **Оспособувањ е за работа со компјутер** | На компјутери со Тулкид | Будење интерес за користење на списанијата и создавање културен однос кон нив | Разгледување детски списанија |
| **Развивање на медиумска култура** | Гледање ТВ-емисии | Почитување на правила на игра | Игра: Штркот бара боја |
| **Ликовно творење и изразување** | Илустрација: Кокиче | Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност | Во моето омилено катче |
| **создавање весело расположение кај децата** | Подготовка за приредба по повод 8 март | Почитување на правила на игра | Игра: Домино |
| М а р т | | | |
| **Раздвижување и правилен развој на телото** | Утринска гимнастика | Развивање на другарски односи | Игри во училишниот двор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Ликовно творење и изразување** | Честитка за мама | Формирање естетски критериуми за уредување на училницата | Уредување на училницата |
| **Будење интерес за користење на списанијата** | Низ страниците на Другарче | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри:Дама |
| **Оспособување за работа со компјутер** | Програма: Тулкид | Оспособување за работа со компјутер | Игра: Погоди кој сум |
| **Создавање работни и културно-хигиенски навики** | Работни активности во училницата (полевање цвеќиња, уредување катчиња ...) | Развивање на еколошката свест | Работни активности во дворот(засадување цвеќиња...) |
| **Создавање радосно расположение кај децата** | Пантомима | Поттикнување на соработка и комуникација | Игри со играчките |
| **Развивање умеење за превиткување од хартија** | Оригами | Јакнење на детското здравје | Игри на чист воздух |
| **Создавање љубов кон музиката** | Пеење песни | Почитување на правила на игра | Игра: Мечката и пчелите |
| | А п р и л | | |
| **Раздвижување и правилен развој на телото** | Утринска гимнастика | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Игри по слободен избор |
| **Зацврстување на знаењата за елементи на улица** | На раскрсница | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Петкамења |
| **Развивање на говорните способности** | Јазична игра: Продолжи понатаму | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игри со топка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Зацврстување на знаењата за семафорот** | Семафор | Развивање на основните движења | Игра:Воз |
| **Развивање на творечки способности и логичко мислење** | Создаваме со логички плочки (сообраќајни средства) | Запознавање со непосредната околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| **Развивање на говорните способности** | Гатанки | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игра: Да бие, да бие |
| **Оспособувањ е за работа со компјутер** | На компјутери со Тулкид | Поттикнување кон самостојно изразување и користење на материјалите за ликовно изразување | Цртање и сликање по слободен избор |
| **Развивање интерес и емоционално восприемање на музиката** | Слушање музика | Формирање на естетски критериуми за уредување на училницата | Работни активности во училницата |
| **Ликовно творење и изразување** | Го шарам Велигденското јајце | Запознавање со традиционалнит е игри од различни региони | Бабини игри: Џамија |
| М а ј | | | |
| **Раздвижување и правилен развој на телото** | Утринска гимнастика | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Игри по слободен избор |
| **Развивање на медиумска култура** | Гледање ТВ-емисии | Запознавање со непосредната околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| **Проширување и продлабочува ње на поимите за предметите и појавите во природната и општественат а средина** | Дидактички математички игри | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Мојата омилена игра |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Ликовно творење и изразување** | Цртање и сликање на тема: Пролет | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игри со јаже |
| **Развивање интерес и емоционално восприемање на музиката** | Слушање музика од детски фестивали | Зајакнување на здравјето | Пролетна прошетка |
| **Оспособување за работа со компјутер** | На компјутери со Тулкид | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игри со топка |
| **Ликовно творење и изразување** | Пролетни цвеќиња | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Челик |
| Ј у н и | | | |
| **Раздвижување и правилен развој на телото** | Утринска гимнастика | Развивање на другарски односи | Игри во училишниот двор |
| **Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност** | Во моето омилено катче | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Игри по слободен избор |
| **Развивање на поврзан говор** | Мојот летен одмор | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Плочка |

### 8.6. Комбинирани паралелки

Заради бројот на запишани ученици,нови и тековни, училиштетето ќе нема неопходност од формирање комбинирани паралелки.

### 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во нашето училиште се изучуваат следните странски јазици:

❖ Англиски јазик како прв странски јазик ќе се изучува од I –IX одделение

- ❖ Германски јазик како втор странски јазик од VI – IX одделение
- ❖ Француски јазик како втор странски јазик од VI – IX одделение

Учениците од VI одделение секоја година имаат можност како втор задолжителен странски јазик да одберат помеѓу француски и германски јазик.

### 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од одделенска настава

За реализација на наставата по физичко и здравствено образование со учениците од прво одделение училиштето ќе направи избор откако за тоа ќе добие согласност за вработување од МОН и ќе биде објавен јавен оглас. Учениците од второ и трето одделение наставата по физичко и здравствено образование ја следат со тандем - наставници ( одделенски наставник и наставник по физичко и здравствено образование).

### 8.9. Изборна настава

Со изборните предмети во основното училиште на учениците им се дава можност да ги прошируват и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети.
Во училиштето ќе се организира изборна настава од следните подрачја: Класична култура, Проекти од ликовна уметност; Проекти од музичка уметност; Вештини за живеење; Спорт; Проекти од информатика, Проекти од техничко образование.

### 8.10. Дополнителна настава

Во училиштето освен задолжителната настава се реализира додатна и дополнителна настава.Целта на дополнителната настава е да се овозможи помош и подршка на децата,полесно совладување на наставната содржина,како и стекнување на работни навики и социјални вештини. Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на содржините предвидени во Наставниот план и програма и заостануваат по одделни наставни предмети,ученици кои континуирано покажуваат слаби резултати во учењето, или од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава.Оваа настава ќе се изведува во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од I до IX оддление. За успешно организирање на дополнителната настава неопходно е континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и постојана контрола на неговите развојни карактеристики и потреби.Дополнителна настава се организира по

барање на ученикот, родителот или по проценка на наставникот кој го информира родителот за потребата од ваков вид настава со ученикот во рок од 3 дена од констатирањето на потребата,како и за распоредот кога таа ќе се одржува.Родителот дава согласност ученикот да следи дополнителна настава. Групата за дополнителна настава е најмногу до 10 ученика.За дополнителна настава, образовните групи ке се формираат во различни периоди, во зависност од времето кога се појавуваат потешкотии во постигнувањето на градивото кај одредени ученици.Содржината,методите и средствата кои се користат при оваа настава се прилагодени на потребите на секој ученик одделно.Според индивидуалните потреби и карактеристики на ученикот ке се применува индивидуална форма на работа, работа во групи, а може да се користи и фронтална (заедничка) работа со учениците од секоја од групите.

Реализацијата на дополнителната настава се евидентира во одделенскиот дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник поединечно.Организирањето и реализацијата ќе се одвива според изготвен распоред за секој предмет одделно, на месечно ниво и истиот ќе се објавува на огласната табла и на веб страната на училиштето.

## 8.11 Додатна настава

Додатна настава ќе се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати, пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Според тоа по својата суштина и функција, додатната настава ќе претставува организирана грижа за надарените ученици и работа со нив. Истата ќе се изведува во текот на целата наставна година, по часовите од редовната настава, во слободното време на учениците според определени Програмски содржини. Во согласност со кадровските услови ќе се организира додатна настава за учениците од II до IX одделение, а ќе биде организирана според претходно изготвени програми.До 20.09.2023 година ќе биде изработен распоред за додатната настава, кој по донесувањето, станува составен дел на оваа програма.Распоредот ќе се објавува на огласната табла и на веб страната на училиштето.Нејзина основна цел е да обезбеди систематска работа со надарени и талентирани ученици но текот на целата година, нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, учество на натпревари итн.Вклучување на ученици во додатната настава ќе се врши со систематско следење, испитување и вреднување на учениците, нивните достигања како и постојана контрола за неговите развојни особености и потреби, постигања и заостанувања, предности и слабости и др. Во оваа настава особено до израз ќе доаѓа самостојната работа на учениците, а ќе се работи во мали групи, ќе се решаваат проблеми од теориска и практична природа, ќе се организираат дебати, експерименти, докази, вреднување и сл.

Реализацијата на додатната настава се евидентира во одделенскиот дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Согласно обврската на основните училишта да одговорат на специфичните потреби на надарените и талентирани ученици, училиштето изработи Програмата за работа со надарени ученици и истата успешно ја реализира. (Програмата е во склоп со Годишната програма за работа на училиштето и е доставена во прилозите).

Во ООУ„Ѓорѓија Пулевски" се применува концепт на додатна настава, како и развивање на проширени и продлабочени програми и активности во училишните секции за надарените ученици.Во соработка со стручната служба на училиштето, наставниците во текот на учебната година ќе ги следат учениците и со помош на инструменти за идентификување на надарени ученици, ќе ги откриваат истите.Наставниците ќе работат со тие ученици на часовите по додатна настава и вонннаставни активности, како и на подготовка на тие ученици за натпревари од конкретниот наставен предмет и во зависност од интересот на учениците. Со нивно мотивирање и задавање на обврски за време на часовите, за домашна работа, вклучување во различни проекти кои одговараат на нивните интелектуални способности, интереси и потреби. Оваа група на ученици ќе се вклучат и во училишните, општинските, републичките и меѓународните натпревари и конкурси.

Во текот на оваа учебна година училиштето ќе изработи програми за работа со надарени и талентирани ученици, која ќе опфати време на реализација, наставници, стручни соработници и други субјекти кои ќе бидат одговорни за реализација на тие програми.

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Општа цел: Подобрување на квалитетот на животот на децата-ученици со потешкотии и поттикнување на развој на сите деца во ,,Училиштето по мерка на детето,,.

За учениците со посебни образовни потреби задолжителните и изборните предмети ќе се реализираат со прилагодените програми според нивните посебни образовни потреби оносно според ИОП и модифицирана програма.Во соработка со специјалниот едукатор и рехабилитатор од училиштето, наставниците ќе идентификуваат деца со посебни образовни потреби и потепкотии во учењето.Врз основа на потребите на учениците со ПОП наставниците во соработка со специјалниот едукатор и рехабилитатор и во консултација со родителите и образовните асистенти (оние деца кои што имаат образовен асистент) ќе изработат прилагодени програми (ИОП и модифицирана програма), каде се предвидени и опфатени времето на реализација на активностите, нивото на постигнување според способноста на ученикот и наставниците кои се вклучени. Исто така наставниците ќе водат и посебна рамка

за следење на тие ученици. Ќе се изготват и Инклузивни тимови за секој ученик посебно.

Во училиштето ќе продолжи да работи и Инклузивниот тим составен од : Марјан Јовановски – Директор, Весна Вукелиќ – специјален едукатор и рехабилитатор, Мирјана Саздовска Стојановска – психолог, Лилјана Стојковска – одделенски наставник, Елена Симоновска – наставник по англиски јазик, Ведрана Стојковска - родител и Слободан Здравковиќ – родител.

Во учебната 2023/2024 година од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор предвидено е да се реализираат 10 работилници наменети за учениците на тема „Учиме за различности„ и 5 работилници на тема „Инклузивен јазик“. За наставниот кадар предвидено е да се реализира обука за работа со ученици со ПОП ,темата на обуката ќе произлезе од потребите на наставниците за работа со ученици со ПОП.За родителите предвидено е да се се реализираат 2 работилници на тема „Сензитивизација на родителите за потребите на учениците со ПОП“ и 1 работилница која што ќе произлезе од потребите на родителите за деца со ПОП.

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

Во училиштето ќе продолжи туторската поддршка на двајца ученика од кои еден од второ и еден од третто одделение. Туторската поддршка ќе биде од страна на фондацијата ,,Чекор по чекор,,.Со учениците ќе работи тутор 4 часа неделно во домашни услови .

### 8.15. План на образовниот медијатор

Училиштето не поседува лица кои се вклучени во образовниот процес како образовни медијатори.

## *9. Воннаставни активности*

### 9.1. Училишни спортски клубови

Училишни спортски клубови

Во училиштето за правилен развој на учениците задолжен е наставниот кадар по ФЗО кој преку различни видови на спортови го негуваат здравиот и спортски дух кај учениците. Училишниот спортски клуб постои од 05.09.2012 година,реализира активности од областа на спортот и спортски активности според афинитетите на учениците. Планот на активностите, времето на реализација, опфатеноста на ученици, предвидените настапи, турнири итн се дадени во програмите за воннаставни активности на наставниците по физичко и здравствено образование. Распоредот за натпревари се прави според Федерацијата на училишен спорт на РСМ. Преку ученичките натпревари ќе се презентираат постигнувањата на учениците во наставата и другите подрачја од воспитно-образовната дејност. Овие натпревари ќе се организираат на ниво на

училиште, општински регион во рамките на училиште, а најуспешните ученици ќе учествуваат и на меѓународни натпревари. За таа цел во училиштето функционираат следниве спортови: кошарка фудбал, фудсбал ракомет, атлетика, кросеви, одбојка.

### 9.2. Секции/Клубови

| Ред. бр | Секција | Одговорни наставници |
|---|---|---|
| 1 | Млади математичари | Даниела Василевска, Милена Мојсовска , Билјана Стојановска,Слаѓана Настовска, Љубинка Стојановска |
| 2 | Млади физичари | Љубинка Стојановска |
| 3 | Млади хемичари | Катерина Антовски |
| 4 | Љубители на странски јазици | Љубица Цинциевска, Маја Серафимовска, Елена Симоновска, Ана Неделкова Стојчевски, Љупка Наскова, Габриела Велева, Елена Нанева, Сања Ристеска Јанкова, Сања Димиќ |
| 5 | Млади биолози | Кристина Костиќ, Сузана Тасевска |
| 6 | Млади географичари | Виолета Каркинска, Зорица Крстевска Стевковска |
| 7 | Млади историчари | Тодор Ефремов, Соња Блажеска |
| 8 | Противпожарна заштита | Зорица Крстевска Стевковска, Катерина Контески |
| 9 | Јазичен клуб/драмска секција | Верка Ангелова,Ана Стамболиска,Марија Тодоровска |
| 10 | Хор | Весна Симјановска |
| 11 | Оркестар | Снежана Алушевска Котевска |
| 12 | Ликовна уметност | Наташа Станковска Зафировска |
| 13 | Библиотекарска | Пенка Неделкова |
| 14 | ПМП (прва медицинска помош) | Весна Вукелиќ |
| 15 | Млади спортисти | Гоце Кузев, Александар Филипчев, Марјан Лукаревски,Катерина Контески, Горан Стојниќ |

### 9.3. Акции

Како претходните години, така и оваа учебна година во училиштето ќе се организираат еколошки акции, хуманитарни и ентериерни уредувачки акции, во кои активно учество ќе земат сите ученици со што дополнително ќе се поттикне нивната свест, хуманост, емпатија и чувството за уредност и естетика преку уредувањето на просторот (училници, холови и паноа).

| Акции | Име и презиме на одговорни наставници | Содржини | Време на реализација | Потребни средства и материјали и извори од кои ќе се добијат | Број на ученици и од паралелки |
|---|---|---|---|---|---|
| Базари | | Новогодишен Базар<br>Велигденски Базар | Декември и<br>Април | Соодветни материјали и средства потребни за изработка на предмети од страна на ученици,родители и наставници | Вклучени се сите ученици |
| Хепенинзи | | Ликовен хепенинг<br>Литературен<br>Првоаприлски | Континуирано<br>Континуирано<br>април | Хамер,паноа,штафелаи,бои<br>разни матријали и сл.во соработка со ученици,наставници ,родители | Ученици кои покажуваат афинитети и креативност |
| Хуманитарни настани | | Ден на гладта<br>Хуманитарни Базари<br>Меѓународен ден на детето и други тековни хуманитарни настани | Септември-јуни | Соодветни материјали и средства донирани од страна на ученици,наставници и родители | Вклучени се сите ученици |
| Еколошки акции | | Одбележување на денови за заштеда на енергија,вода, заштита на планетата Земја,климата, озонската обвивка, | Септември-јуни | Потребни материјали и средства за одбележување на акциите во соработлка со ученици,наставници ,родители | Вклучени се сите ученици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | животната средина | | | |

**10. Ученичко организирање и учество**

Учениците и оваа година ќе бидат активни во „Клубот на млади“ (учениците од 8 и 9 одд.), во соработка со општинската организација на Црвен крст – Кисела Вода.

Активно организирање и ученичко учество ќе имаат и во ,,Ученичкиот парламент’’ во кој учениците ќе дискутираат за своите предизвици и предлози, взаемно ќе се дополнуваат и ќе ги решаваат евентуалните проблеми. Заклучоците и предлозите од нивните состаноци ќе ги пренесуваат до раководството на училиштето, истите заеднички ќе се разгледуваат и тековно ќе се решаваат.

***11. Вонучилишни активности***

**11.1. Екскурзии, излети и настава во природа**

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/24година ќе биде регулирана активноста: организирање на екскурзии и излети со воспитно-образовен карактер, чија цел е кај учениците да се развива другарство, почитување, интерес за природните богатства и културно-историското наследство, како и љубов кон природата.

Во текот на учебната година за учениците од I до IX ќе бидат организирани излети, еднодневна наставно-научна екскурзија за учениците од трето одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна наставно-научна екскурзија со учениците од IX одделение, како и посета на кино проекции, театарски претстави, посета на планетариум, музеи и спортски натпревари.

Во текот на учебната година планирани се :

- Пролетен и есенски излет – Соња Блажевска

- Научно - образовна екскурзија за ученици од 3те одделенија, тимот го сочинуваат наставниците од активот на третите одделенија. Одговорен наставник Јасна Пандовска.
- Настава во природа за ученици од 5те одделенија, тимот го сочинуваат наставниците од активот на петите одделенија. Одговорен наставник Катерина Лазев
- Дводневна екскурзија за ученици од 6 те одделенија, тимот го сочинуваат одделенските раководители од шестите одделенија. Одговорен наставник Кристина Костиќ .
- Тридневна екскурзија за ученици од 9те одделенија тимот го сочинуваат одделенските раководители од деветите одделенија. Одговорен наставник Александар Филипчев.

### 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Податоци за учениците ќе имаме тековно во зависност од афинитетите на учениците кон одредени активности, како и резултатите од спроведената анкета и потврдено со писмена согласност од нивните родители/старатели за активностите, за учество, патување и сл.

## 12. Натпревари за учениците

Со цел да се презентираат постигнувањата во наставно - воспитната работа и вонаставните активности и го презентираат училиштето во локалната средина, градот, државата па и на меѓународно ниво, училиштето континуирано вложува во својот развој и создава позитивна, продуктивна и стимулативна училишна клима како и ученици кои ќе го вложат својот максимум за реализација на сопствените афинитети и вештини. Клучот на успехот лежи во сите нас кои го поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација во општеството, бидејќи секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и постигнувањата кои ги носи во име на училиштето.Од тие причини училиштето ќе организира училишни натпревари на знаења по предмети. Ќе се организираат и технички и спортски натпревари. Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на натпревари и на ниво на регион, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните натпревари, организирани од страна на акредитирани здруженија на наставници, друштва или други регистрирани надлежни организации, Совет за грижи и воспитување на децата и Народна техника. Учениците од училиштето преку ликовната, литературната, рецитаторската секција, хорот и оркестарот ќе

учествуваат на приредби, смотри, манифестации, интерни и други конкурси за ликовни и литературни творби, спортски игри и други организирани активности.

**Преглед на структурата и видовите на натпревари и конкурси и динамиката на реализацијата во учебната 2023/2024 година**

| **Видови натпревари и конкурси** | **Институции** | **Динамика** |
|---|---|---|
| **Училишни натпревари** | ООУ ,,Ѓорѓија Пулевски” | **Февруари – март** |
| **Ликовни натпревари** | 1.Противпожарно здружение-Аеродром<br>2.Еколошки друштва<br>4.Основни училишта | **Учебна 2023/24 год.** |
| **Општински и државни натпревари на знаења** | 1.Биро за развој на образованието<br>2.Друштво на биолози, хемичари,математичари,физичари, географи.....<br>3.Филозофски факултет<br>4.Природно математички факултет<br>5.Црвен крст на Р.С.М.<br>6.ЕЛТАМ-Асоцијација на наставници по англиски јазик<br>7. Хипо- Меѓународна јазична олимпијада<br>8.Детски културен центар-Карпош | **март - мај** |
| **Млади техничари** | 1.Народна техника | **Март - мај** |
| **Музички натпревари** | 1.Биро за развој на образованието | **Март - мај** |

| | | |
|---|---|---|
| **Спортски натпревари** | 1. Федерација на училишен спорт на Р.С.Македонија<br>2. Агенција за млади и спорт<br>3.МОН | **Учебна 2023/24 год.** |
| **Литературни натпревари** | 1.Основни училишта<br>2.Еколошки друштва | **Учебна 2023/24 год.** |

**13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција**

Во текот на изминатата учебна година беше постапено по препораката од Интегралната евалуација и ООУ „Ѓорѓија Пулевски"- Аеродром, воспостави соработка и потпиша Меморандум за соработка со училиштето партнер ,,Јахја Кемал'' од Скопје, училиште со ученици од мешана националност. Во учебната 2023/24 година ќе се организираат активности, целта ќе биде да се спознаат разликите меѓу различните култури, традиции, музика , обичаи, фолклор и храна. Со ова ќе се зголемат содржините за меѓуетничка интеграција во предметна настава.

Основна цел:

Интегрирано образование е нов модел на образование кој претставува пример за образование на децата и младината од сите етнички заедници во мултиетничка средина заради нивно подготвување за живот во мултиетничко општество. Овој образовен модел ги негува, ги охрабрува и ги интегрира во себе мултиетничките и мултикултурните вредности, образувањето и надградувањето како на учениците, наставниците и вработените во училиштата, така и на родителите и заедницата, преку негување на хармонични односи кои се темелат на почитување на разликите, градејќи притоа едно мултиетничко општество. Интенцијата на квалитетното интегрирано образование е градење на современи, успешни и ефективни воспитно-образовни установи кои ќе ги промовираат мултиетничките вредности, индивидуализираниот пристап кон учениците, позитивна емоционална клима и конструктивна повеќенасочна комуникација во пријатен и поттикнувачки училиштен амбиент.

Училишниот тим одговорен за реализација на активностите од проектот МИМО е во состав:

1. Марјан Јовановски, директор
2. Ирина Николоска, педагог- училишен координатор

3. Мирјана Саздовска Стојановска - психолог

4. Маја Попова Мачовска, одделенски наставник

5. Гоце Кузев, предметен наставник

6. Претседател на ученички парламент

7. Ученички правобранител

Оваа учебна година, активностите за МИМО ќе ги реализираме и во соработка со општина Аеродром.

**14.** Проекти кои се реализираат во нашето училиште.

Нашето училиште оваа учебна година ќе биде вклучено во образовните реформи кои повлекуваат реализирање на проекти кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата и создавање на различни вештини во прилог на учениците

Училиштето во текот на училишната година ќе ги прифати сите понудени проекти, кој се во склоп на неговата визија и мисија и се во интерес на добробит, образование и добро воспитание на нашите ученици.

1*. името на проектот-* Името на програмата **- Вело училиште**
*целта од реализацијата на програмата*
Програмата ВЕЛО УЧИЛИШТА има за цел да го промовира велосипедизмот како безбеден, здрав и алтернативен начин на превоз за учениците во нашата држава.
Програмата има за цел да развие мрежа на акредитирани основни училишта низ цела Македонија, кои ќе работат самостојно и како заедница посветени на следење и проценка на активностите, како и споделување на нивните искуства меѓу врсниците.
Како дел од една посветена мрежа, на основните училишта низ Македонија им е овозможено да организираат и спроведуваат активности за промовирање на велосипедизмот до и од училиште, како и безбедноста во сообраќајот. Програмата "Вело училишта" се базира на пристапот за промена на однесувањето, кој се применува во проектите за европска одржливост на мобилноста преку препознавање на училиштата кои успешно имплементираат активности поврзани со темата велосипедизам.

*име и презиме на вклучените наставници-*
Координатор на проектот е Гоце Кузев- наставник по физичко и здравствено образование.
*- временска рамка во која се реализира програмата*

Активностите се реализираат во текот на целата учебна година од септември до јуни. Секој понеделник наставниците добиваат насоки со одредена активност/работилница која се реализира во текот на работната недела.
-*очекувани резултати од програмата:*
Зголемена свест на учениците, родителите, наставниците и општинските власти во избраните пилот општини за придобивките од користењето на велосипедите како алтернатива за секојдневните транспортни средства, но исто така и знаење за потребите во поглед на патната инфраструктура и безбедноста.

Вело Училишта е програма која е препознаена и со добиени позитивни препораки за нејзина имплементација во училиштата ширум Република Македонија, од страна на Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието.

Концепот на програмата Вело Училишта е заштитен/патентиран од страна на Државниот завод за индустриска сопственост во Македонија, со донесено решение за признаено право под број: 29291

*2. името на проектот -* програма **„Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем - ЕКО“**
*-целта и исходите од реализацијата на проектот*
- младата популација денес треба ги преземе правата и обврските на идните генерации за светот;
- да има иднина и да допринесе во заштитата и унапредувањето на животната средина и човековото здравје;
-учениците се стекнуваат со применливи знаења потребни во секојдневниот живот;
-се развива свеста кај учениците и одговорноста за своите постапки кон непосредната животна околина и кон природата воопшто,
-се поттикнува и развива почитта и грижата за другите како и одговорноста кон општеството,
-се развива свест за унапредување на здравиот начин на живеење и преземање одговорност за сопственото здравје, свест и насоченост кон заштитата на животната средина и заштитата на биодиверзитетот.
Врз основа на добиените резултати од спроведената Анализа на состојбата на животната средина, во училиштето се планираат низа еколошки активности кои ќе водат кон подобрување на состојбата на животната средина. Овие планирани активности содржат точки на акција од еко-стандардите, со временски рокови и начин на нивна реализација, одговорните лица и планираните потребни средства.
ЕКО-СТАНДАРД 1. Заштеда на енергија
Полиса: Рационално користење на електричната и топлинската енергија.
Цели: Намалување на потрошувачката на електрична енергија за 10% во споредба со претходната година.
ЕКО-СТАНДАРД 2. Заштеда на вода
Полиса: Рационално користење на водата.

Цели: Намалување на потрошувачката на вода за 10% во споредба со претходната година.
ЕКО-СТАНДАРД 3. Одржување на зградата и здрава внатрешна средина
Полиса: Здрава и чиста внатрешна средина за учење и работење.
Цели: Обезбедување на здрави услови за работење и престој во училиштето и градинката.
ЕКО-СТАНДАРД 4. Уреден и еколошки двор
Полиса: Уреден и функционален двор кој е во согласност со потребите за заштита на животната средина.
Цели: Функционално уреден двор според сите еколошки параметри на начин на кој максимално ќе користи за потребите на сите кои престојуваат во училиштето и градинкат.
*- име и презиме на вклучениот/ите наставникот/ците или стручни соработници* Во основното образование се врши интеграција на еколошки содржини од девет еколошки теми во секој наставен предмет во соодветна година. Со тоа, постоечките предмети се збогатуваат со еколошки едукативни содржини.Одговорни наставници се Кристина Костиќ и Сузана Тасевска.
*- временска рамка во која се реализира проектот:* учебна 2023/2024 година
*- средствата за реализација на проектот и од каде се обезбедуваат:* МОН на РСМ

*3. името на проектот* **„ Меѓуетничка интеграција во образованието - МИО“**
*-целта и исходите од реализацијата на проектот*
- Да се овозможи меѓуетничка интеграција во образованието
- запознавање на учениците со различни културни вредности преку различни настани но и утврдување за сличните потреби како генерација, млади луѓе, потреба за едукација, другарување учество во научните истражувања, општественото живеење запознавање на нови светови, простори итн
- Потпишан е меморандум за соработка со основно училиште „Јахија Кемал“.

*- име и презиме на вклучениот/ите наставникот/ците или стручни соработници* Тимот за МИО се одговорни за реализација на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието.
*- временска рамка во која се реализира проектот:* Во текот на учебната година
*- средствата за реализација на проектот и од каде се обезбедуваат:* МОН на РСМ.

5. име на проектот ,,**Едуцирани млади-зелена иднина** ,,Проект од Министерството за животна средина

Носител на проектот : Маја Георгиева Павловски - одделенски наставник

*име и презиме на вклучените наставници:* Маја Серафимовска - предметен наставник
*временска рамка во која се реализира програмата:* Во текот на учебната 2022/23 година

-*<u>очекувани резултати од програмата:</u>* развој на свеста за важноста на здравата животна средина уште од најмала возраст. Преку разни активности поттик на сите граѓани за грижата на својата животна средина.

## *15. Поддршка на учениците*

### 15.1. Постигнување на учениците

Училиштето континуирано ќе ги следи постигнувањата на учениците. Службата со одделенските раководители од прибраните податоци за постигнувањето на учениците по сите наставни предмети по квалификациони периоди пристапува кон компаративна анализа на поединечни ученички успеси. Предвидени се анализи и споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, како и на постигнувањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик и др. Следењето ќе го реализираат два тима и тоа Тим за квартална анализа на успех по пол и националност во состав од Даниела Василевка - одговорен наставник и Билјана Стојановска, Милена Мојсовка и Слаѓана Настовска како членови на тимот и Тим за квартална анализа за редовност и поведение и педагошки мерки по пол и националност во состав од Ирина Николоска – педагог, Мирјана Саздовска Стојановска - психолог и Весна Вукелиќ - специјален едукатор и рехабилитатор.

Одделенските и предметните наставници континуирано ќе го следат напредокот и постигнувањата на учениците и редовно ќе ги известуваат родителите на ученикот. Успехот на учениците ќе им биде достапен на родителите во секое време во електронскиот дневник. Состојбата на успехот на ученикот по наставни предмети ќе ги утврдува одделенскиот совет, а родителот на ученикот ќе се информира преку евидентен лист. За крајниот успех на ученикот ќе се изготват свидетелства.

Сите наставници редовно ќе реализираат додатна и дополнителна настава и ќе настојуваат да се подобри нивниот квалитет, а со тоа да се подобри и успехот на учениците преку транспарентност и видливост на часовите по дополнителна и додатна настава. Формиран е Тим за подобрување на квалитетот на додатна и дополнителна настава и следење на нејзината реализација во состав од еден предметен наставник -Соња Блажевска и еден одделенски наставник - Марија Здравевска .

Наставниците ќе применуваат ефективни техники и стратегии за утврдување и подобрување на постигањата на учениците, се применуваат различни извори на знаења (енциклопедии, стручна литература) од библиотеката на училиштето како и од самите ученици, а ќе се применува и ИКТ во наставата. За да се подобрат постигањата на учениците од големо значење е поголемата вклученост на родителите во наставниот процес.

**- Постигнување на учениците на крајот од учебната 2022/2023 година**

**Табела по предмети**

Успехот на учениците по генерации е прикажан во табелите од статистичкиот преглед. Од прво до трето одделение учениците се описно оценети согласно Законот за основно образование.
Во табелите е прикажан успехот на учениците од IV-IX одд.- по одделение,.
Овој успех е објективен и се должи на пореалните критериуми за следење на учениците преку формативно оценување и по реално изведување на сумативна оценка.

Постигнувања на учениците по паралелки

| IVодд | Vодд | VIодд | VII одд | VIII одд | IX одд |
|---|---|---|---|---|---|
| IV-1- 4,92 | V-1- 4,97 | VI-1- 4,93 | VII-1- 4,90 | VIII-1- 4,93 | IX-1- 4,86 |
| IV-2- 4,91 | V-2- 4,95 | VI-2- 4,76 | VII-2- 4,80 | VIII-2- 4,67 | IX-2- 4,90 |
| IV-3- 4,96 | V-3- 4,95 | VI-3- 4,86 | VII-3- 4,89 | VIII-3- 4,08 | IX-3 - 4,87 |
| IV-4- 4,82 | V-4- 4,84 | VI-4- 4,94 | VII-4- 4,68 | VIII-4- 4,50 | IX-4 - 4,50 |
| | | | VII - 5 - 4,78 | VIII - 5 - 4,54 | |
| **Среден општ успех на IV одд.** 4.90 | **Среден општ успех на Vодд.** 4,93 | **Среден општ успех на VI одд.** 4,87 | **Среден општ успех на VII одд.** 4,81 | **Среден општ успех на VIII одд.** 4,54 | **Среден општ успех на IXодд.** 4,78 |
| **СРЕДЕН УСПЕХ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ- 4,80** | | | | | |

**Вкупно со бројчани оценки се 655 ученици од IV-IX одделение**

| Успех | Број на ученици |
|---|---|
| **Одличен** | 781 |
| **многу добар** | 71 |
| **Добар** | 8 |
| **Доволен** | 1 |
| **Со слаби оценки** | 0 |
| **Среден успех од IV-IX** | 4,80 |

Наставниот и стручниот кадар во училиштето континуирано ќе работи на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците.

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето им помага на родителите, односно старателите и на учениците при изборот на средното училиште, согласно со особеностите, способностите и афинитетите на учениците. Заради следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање помош на учениците и нивните родители, односно старатели во избор на средното училиште, психологот во училиштето користи алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и реализира програма за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение, која на предлог на Бирото, ја утврдува министерот.

Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта , со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање . На полето на професионалната ориентација на учениците ќе се работи континуирано во текот на нивното основно образование.

Активности:

- ❖ Уредување на катче за професионална ориентација
- ❖ Спроведување прашалници за самопроцена на интересите и способностите на учениците
- ❖ Спроведување на анкета со деветто одделение
- ❖ Родителот во улога на наставник – часови од претставници од одделни струки и занимања
- ❖ Запознавање со повеќе видови занимања (почнувајќи од седмо одделение)
- ❖ Писмена вежба по македонски јазик на тема „Што сакам да бидам“ – осмо одделение
- ❖ Истакнување на изработените писмени работи во катчето за професионална ориентација (IXодд)
- ❖ Сликање на часот по ликовно образование на тема: „Моето идно занимање“ –осмо одделение
- ❖ Истакнување на ликовните творби во катчето за професионална ориентација – осмо одд.
- ❖ Посета на работни организации и средни училишта – највисоко одделение
- ❖ Презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот

❖ Набавување на публикации за мрежата на струки и професии и дистрибуирање меѓу учениците - почнувајќи од седмо одделение

❖ Запознавање на учениците со правилниот избор на професии – највисоко одделение

❖ Индивидуални и групни разговори со учениците за нивната желба за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и други активности поврзани со кариерното советување на учениците.

Тимот за професионална ориентација на учениците за оваа учебна година е во состав од Мирјана Саздовска Стојановска - психолог, одделенските раководители на паралелките од деветo одделение: предметен наставник по географија Виолета Каркинска, предметен наставик по франсуски јазик/стручен соработник Пенка Неделковска, предметен наставник по германски јазик Сања Јанкоска Ристова, предметен наставник по математика Биљана Стојановска и предметен наставик по физичко и здравствено образование Александар Филипчев кои во текот на оваа учебна година ќе продолжи со насочување на учениците за професионална ориентација преку активности кои најчесто ќе бидат организирани на одделенските часови.

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација- МИМИ завршено

Следната учебна година ќе се стави акцент на превенција против насилство кај учениците со цел да се намалат конфликтите меѓу учениците, да се развива емпатијата, толеранцијата и комуникацијата помеѓу нив. Се планираат едукативни работилници со родители, ученици и наставници за подобрување на социоемоционалната состојба на учениците и намалување на разните форми на антисоцијално однесување. Ќе се посвети значајно внимание на препознавање и превенција на насилството, присутноста на насилството, видови на насилство и начини на негово спречување, како и промовирање на ненасилна комуникација и развивање на другарството.

Безбедноста на учениците во училиштето како важен елемент исто така ќе биде дел од овие програми кои ќе се реализираат во соработка со надлежните институции. Превентивните програмите ќе се реализираат преку редовната настава (одделенски час – програма за животни вештини, работилници, изборната настава како и воннаставни активности.

Во рамките на зголемување на безбедноста на учениците во соработка со СВР и полициската станица Аеродром повторно ќе се формира „Клубот за превенција“ во кој членуваат учениците од седмо, осмо и деветто одделение. Стручните лица од полициската станица редовно одржуваат состаноци,

предавања, работилници и дебати на теми поврзани со: правата и обврските на учениците, врсничкото насилство, семејното насилство, зависности- превенција и заштита, трговија со луѓе,безбедноста во собраќајот и сл.

За болестите на зависност одделенските раководители и раководителите на паралелки на одделенските часови ќе се реализираат работилници од програмата за Животни вештини.

За учениците кои имаат асоцијално однесување, наставниците во соработка со стручната служба ќе се преземаат мерки за нивно надминување преку советување на учениците и родителите, изрекување на соодветни педагошки мерки според Интерниот правилник на училиштето за награди и казни, известување до педагошката служба во МОН.

Во рамките на превентивните активности, стручните соработници ќе продолжат со соработка со Центарот за социјална работа, МВР, Заводот за ментално здравје, полициската станица Аеродром. На овие теми се планираат едукативни работилници со родители, ученици и наставници кои имаат за цел подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците.

Училиштето ќе продолжи со соработка и со Црвениот Крст на Македонија кој одржува обуки и стручни предавања, како и ни доставува информативен материјал со цел едукација на учениците за превенција од болестите на зависност (алкохол, цигари, дрога...) и севкупна грижа за здравјето.

Стручните соработници ќе оствaруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави.

Советодавна работа со *учениците кои покажуваат неадаптирано поведение* ќе се реализира во континуитет. Почести и поредовни контакти со родителите со оние ученици кои *манифестираат дисциплински проблеми* како и проблеми *со успехот и редовноста*.

Исто така се планираат и работилници од областа на заштита на личните податоци, особено за безбедноста на податоците на интернет и социјалните мрежи, тема која во моментот е актуелна и важна за учениците.

Идентификување на ученици со *потешкотии во учењето, емоционални проблеми, надарени ученици, ученици со посебни образовни потреби* и сл. Следење на прилагоденоста на новодојдените ученици. Следење на процесот на преминот од одделенска настава во VI одд. Професионално информирање и советување на учениците. Следење на организацијата и реализацијата на содржините од вонннаставните ученички активности се дел од работата на Училишниот инклузивен тим.

Во училиштето има формирано тим за ненасилно однесување и истиот има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности.

Тим за ненасилно однесување Координатор - Мирјана Саздовска Стојановска и Ирина Николоска.

Тимот има изработено процедура за разрешување на конфликти и постапка за пријавување и заштита на ученик - жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба.

Соработката со стручната служба во училиштето е континуирана со одделенските раководители и наставници.

## *16. Оценување*

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Наставниците користат различни методи, техники и инструменти за следење на постигнувањата на учениците при формативното оценување и креирање на сумативната оценка. Однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираат во нивните годишни тематски и процесни планирања. Следењето на напредокот и проверувањето на постигањата на учениците се врши преку континуирана примена на методи, форми и постапки за формативно оценување, како и инструменти за следење на постигањата на учениците (чек листи, аналитички листи, увид во портфолио...) кои имат за цел да придонест за подобрување на постигањата на учениците Врз основа на одделението во коешто се спроведува оценувањето тоа може да биде со: описна оценка, комбинирано (описна и бројчана) и бројчана оценка. Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и бројчани според три периоди: Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето. Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и бројчани оценки. На крајот од првото и третото тромесечие и на полугодие добиваат описни оценки, а на крајот од учебната година добиваат бројчани оценки, се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование. Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со бројчани оценки. Учениците со ПОП согласно измените во Законот за основно образование член 139 (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година) во првиот период постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно. Во вториот и третиот период постигнувањата на ученикот кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано. Учениците кои следат настава според модифицирана програма, се оценуваат описно во сите периоди на основното образование согласно со индивидуалното постигање на поставените резултати. Начинот на оценување на учениците со попреченост се прилагодува согласно со нивните потреби.

Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката го известува родителот, односно старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови. Доколку родителот /старателот е незадоволен од годишната оценка има право во рок од три дена од денот на соопштување на успехот да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен.

Според последните измени во Законот за основно образование за ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има негативна оценка до два предмета се упатува на поправен испит. За ученик од шесто, седмо, осмо и деветто одделение кој на крајот на наставната година има до две негативни оценки, основното училиштето во јуни да организира дополнителна настава по наставните предмети по кои ученикот има негативни оценки во траење од најмалку 30% од бројот на часови утврдени со наставните програми. Ученикот кој по одржаната дополнителна настава не ги постигнал критериумите за позитивна оценка, се упатува на поправен испит. Поправните испити ученикот ги полага во јуни и/или август. Доколку ученикот нема да го положи поправниот испит по еден или два предмета се задржува во истото одделение. За ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има повеќе од две негативни оценки се задржува во истото одделение.

**Одделенски испит, поправен испит или испити за побрзо напредување** ученикот го полага пред испитна комисија. Испитната комисијата ја формира директорот на училиштето и е составена од претседател и два члена-наставници, од кои еден член е наставник од соодветниот предмет. Ученикот кој не можел да биде оценет поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети, има право да полага одделенски испит по предметите по кои не е оценет. За одобрување на полагање на одделенскиот испит одлучува наставничкиот совет на училиштето.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот за следење, анализа и подршка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, во оваа учебна година 2023/24 година ќе биде составен од Директорот на училиштето и Стручните соработници во ООУ „Ѓорѓија Пулевски“.

За подобрување на објективноста на оценувањето ќе се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, извештаи и компаративни анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди од страна на стручните соработници. Учениците и родителите редовно ќе се информираат за постигањата на индивидуалните и групните родителски средби. За истата цел наставниците ќе изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени. Преку тимска работа ќе се

изготви план за поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати од работењето, ќе им се даде поддршка на наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување, како и на наставниците почетници.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Тимот за следење и анализа во оваа учебна година ќе биде составен од Директорот на училиштето и Стручните соработници во ООУ „Ѓорѓија Пулевски" врз основа на „Планот за работа на директорот на училиштето"; „Планови на стручните соработници на училиштето" кои подразбира педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор  и врз изработените инструменти за следење на посета на наставен час и вonнаставна активност на работата на наставниот кадар. Во основното училиште според строго утврдена рамка ќе се следи работата на наставниот кадар.
Следењето и вреднувањето на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар се изведува индивидуално, групно, колективно во зависност од воспитно-образовната активност што треба да биде следена.
Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (евидентни листи за следење на квалитетот и работата на воспитно образовниот кадар, набљудување и др.) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.
Секој стручен соработник има изработено инструмент за посета на наставните часови во зависност од аспектот на следење. Во однос на овој дел посетета се изведува во III дела:

1. разговор со наставникот пред посетата на наставниот час
2. посета на наставниот час
3. разговор со наставникот по посетатата

Соработката со други воспитно - образовни институции надвор од училиштето и оваа учебна година ќе се одвива во континуитет преку активна двонасочна комуникација со тенденција истата да се продлабочи. Контактите со МОН, ДПИ и БРО ќе продолжат да се одвиват согласно нивните побарувања за податоци и информации за ажурирање на нивната работа

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование, спроведува самоевалуација на целокупната работа во текот на изминатите две години, ќе изготви извештај по спроведената самоевалуација по која се определуваат јаките и слабите страни и ќе се даваат предлози за подобрување на работата.
Во учебната 2022/2023 година нашето училиште изработи самоевалуација за периодот 2020 - 2022 година.

За потребите на изработка на самоевалуацијата беа формирани 7 подтимови од редот на наставниците и стручните соработници.

Подрачја кои ги опфати самоевалуацијата беа :

1. Наставни планови и програми
2. Постигнувања на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање политики.

### *17. Безбедност во училиштето*

Во училиштето има План и програма за заштита и спасување при случај на елементарни непогоди. Училиштето располага со противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба. Учениците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност. Училиштето има изработено план за движење при евакуација кој е истакнат на видни места.

За заштита и безбедност на просториите во училиштето има план за дежурства на наставници и техничка служба за време на часовите, а влезните врати се заклучени.

Учениците од одделенска настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на дежурен наставник се додека не ги земат родителите, а за тоа се води редовна евиденција. Поставени се видеокамери низ училиштето. За време на работните денови во училиштето има физичко обезбедување и платен чувар во ноќниот период, а по потреба се бара и полициско патролирање во училиштето.
Во однос на безбедноста, во училиштето има изготвено:

- **Распореди за влез и излез на учениците** од прва и втора смена.
- **Правилник за заштита од пожари**, како една од мерките за заштита од

елементарни незгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.

- **План за заштита и спасување**, во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди.
- **План за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди**.
- **Куќен ред**, со одредби во него: за учениците, наставниците, стручните соработници, административниот и раководниот кадар, помошните работници.
- Изготвен е **Кодекс на однесување** за наставниците и стручните соработници, за учениците, за родителите.
- Истакнат е **распоредот на дежурства** на наставниците.

### *18. Грижа за здравјето- Зорица*

За да можат децата да учат треба да се здрави.Здравјето е состојба на целосна физичка,психичка и социјална благосостојба,а не само отсуство на болест или телесни недостатоци.Грижата за здравјето на учениците и превенција од заразни болести се остварува преку: Создавање,развивање и негување на лични хигиенски навики кај учениците,со предавања,разговори во текот на наставата,подигнување на нивото на здравствена култура,водење на постојана грижа за здравјето преку здравата исхрана и чистата околина,потребата од физички активности,рекреација и игра,спречување на пушење,употрба на алкохол инаркотични средства,спречување на насилство и промовирање на ненасилна комуникација и развивање на другарство.
Програмата за заштита на здравјето на учениците се темели на законските прописи кои се одредени од Министерството за здравство и Министерството за образование и наука.Програмата за унапредување на здравјето е составен дел на програмата на училиштето. Здравственото образование на учениците треба да биде приоритет не само заради самото здравје, туку и од гледна точка на самиот образовен процес.
Целта на програмата за здравствената заштита и здравственото воспитување е оспособување на учениците и вработените во училиштето и локалната заедница за превземање на акции за поздрав живот, училиште и средина.Училиштето води грижа за здравјето на учениците преку редовно одржување на хигиената на училниците,училиштето и училишниот двор, навремена реализација на редовни превентивни систематски прегледи и вакцинација,осигурување на учениците,соработка со центарот за јавно здравје како и со останати институции од областа на здравјето, од каде стручни лица вршат предавања за учениците и наставниците.
За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот

живот.

## 18.1. Хигиена во училиштето

Техничкиот персонал ќе се грижи за одржување на хигиената на санитарните чворови, училници и другиот простор во училиштето. По потреба училиштето остварува соработка и со службите на општината.Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарии редовно се дезинфицираат со дезинфекциони средства.Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два-три пати во денот, училниците редовно се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува. Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно. Еднаш месечно се чистат, бришат, полираат дрвените и стаклените површини, врати, прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад.Наставниците во соработка со родителите ќе водат грижа за развивање навики кај учениците за одржување на личната хигиена.
Училиштето преку различни акции, предавања, работилници во текот на учебната година ќе ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената.

Одделенските раководители во својата паралелка превентивно ќе работат и реагираат во ситуации кога е намалена хигиената, а правилата на однесување и обврски на учениците се запишани во кодексот на однесување. Училиштето во текот на учебната година континуирано ќе обезбедува средства за чистење и дезинфекција на училишните простории. По потреба училиштето ќе соработува со службите за дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

## 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се задолжителни и се класичен скрининг преку кој се идентификува здравствената состојба како за вработените така и за учениците. Преку систематските прегледи ќе се следи физичкиот и психосоцијалниот развој на децата, ќе се детектираат здравствените проблеми и ќе се врши навремен третман.

Со систематски прегледи ќе бидат опфатени учениците од прво, трето и седмо одделение. Учениците на систематските прегледи ќе бидат придружувани од своите одделенски раководители, и родител. По извршените прегледи се евидентира состојбата на учениците и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).Во текот на годината се планира и реализација на работилници од програмата одделенски час животни вештини со цел подобрување на физичкото и менталното здравје на учениците. Низ здравствената едукација ќе се реализира програма за превенција на забите,

здрава исхрана и подобрување на општото здравје на учениците. За девојчињата од VI одделение ќе се одржи предавање на тема ,,Едукативна програма за промените во пубертетот кај девојчињата”.

При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се бараат и потврди за редовни стоматолошки прегледи и вакцинации, како еден од условите за запишување. Училиштето редовно и навремено, организирано ги реализира задолжителните систематски и бактериолошки прегледи за сите вработени.

### 18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето ќе се реализира во согласност календарот за имунизација даден од Министерството за здравство во соработка со училишна превентива, според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат, при што организиринано ќе се врши имунизација на учениците. Вакцинацијата на учениците ќе се реализира според програма за грижа за здравјето на учениците.

Со календарот за имунизација и вакцинација ќе бидат опфатени учениците од прво, второ, шесто и осмо одделение: 6 години (I одделение) Мали сипаници, рубеола, заразни заушки (1 доза) - I ревакцинирање 7 години (II одделение) Туберкулоза (со тестирање) (1 доза) Детска парализа (1 доза), дифтерија, тетанус (1доза) - I ревакцинирање; II ревакцинирање; III ревакцинирање 12 години, 2 и 6 месеци после првата доза (VI одделение); Инфекции со хуман папилома вирус (HPV) (само за девојчиња) (3 дози) - вакцинирање 14 години (завршна година на основно училиште) Рубеола (само девојчиња) (1 II ревакционирање доза); Детска парализа (1 доза); Дифтерија, тетанус (доза); III ревакцинирање; IV ревакцинирање.

Дел од учениците ќе посетат стоматолог и ќе се направи залевања со цел подолготрајна заштита на забите

Процесот на вакцинација и имунизација ќе се изведува како и досега во поликлиника “Јане Сандански” Аеродром, а за сето тоа одговорните на актив ќе водат евиденција.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Училиштето во текот на учебната година континуирано ќе организира оброк за учениците во училиштната кујна (доручек, ручек и ужина) за ученици во продолжен престој од прво до трето одделение. За останатите ученици до девето одделение во редовната настава ќе се организира ужина која бројка е променлива на месечно ниво според потребите на учениците. Оброците се

подготвуваат според стандардизирано мени од Агенцијата за здрава храна на РСМ во соработка со училиштето и Советот на родителите во училиштето.

*-Едукација за здрава исхрана*

Едукација за здрава исхрана и оваа учебна година првенствено ќе вршат одделенските раководители преку наставни содржини од оваа област и на часовите за одделенска заедница.Во изминатите години се практикува учениците од I-III одделение секојдневно да си имаат минути за одмор со консумирање на овошје и зелечук, односно здрава храна, а со таа практика ќе се продолжи и во иднина. Исто така, овој тип на наставни содржини ќе бидат реализирани на часовите по животни вештини и унапредување на здравјето, но секако тука можат да се вклучат и останатите наставници..

Училиштето во текот на учебната година континуирано ќе реализира едукативни предавања за здрава храна како преку редовните наставни содржини така и преку соработка со стручни лица од таа област во вид на предавања, трибини и работилници. Акцентот се става на оваа програма со цел подигање на свеста за консумирање на здрава храна .

## *19. Училиштна клима*

Почитувањето и единството на сите вработени во целокупниот живот и работата на училиштето е на високо ниво. Позитивниот и професионален однос меѓу вработените и учениците е причина за поширока промоција на училиштето со активностите што се реализираат во него и надвор од него. Ученикот претставува најважниот субјект во училиштето, со свои права но и свои обврски, задачи и должности кои максимално треба да ги почитува и исполнува, развивајки ги сите позитивни страни на својата личност и идентитет.

### 19.1. Дисциплина

Дисциплината на сите вклучени фактори во воспитно - образовниот процес е многу значајна задача во секоја воспитно - образовна институција. Нашето училиште и понатаму пронаоѓа многубројни начини за подобрување на училишната дисциплина на учениците, наставниците и останатите вработени Во текот на учебната 2023/2024 година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени ќе продолжат да тежнеат кон создавање на здрава училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Исто така, во паралелките, ќе се стремиме кон работна, но опуштена и поттикнувачка социоемоционална клима, а со однесувањето на наставникот, учениците ќе се охрабруваат за позитивни и повисоки постигнувања. Наставниот кадар е со позитивен и професионален однос кон учениците и колегите со желба за реализација на идеи.Во училиштетоостои добра организација на воспитно – образовната работа со навремен проток на информации и размена на искуства.Единството на наставничкиот колектив во целокупниот живот и работата на училиштето е на високо ниво.

Дисциплина– За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен куќен ред. Се изработуваат правилници и кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите. Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето.Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето.Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците.Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште.

Изготвување распоред на дежурни наставници за време на одморите во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните случувања,со цел контрола на однесувањето на учениците за време на одморите.

Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите и часовите. За следењето на дисциплината за време на одморите наставниците поднесуваат дневна евиденција. Следењето на дисциплината за време на одморите се врши во ходниците, училниците, санитарните јазли и секако во училишниот двор. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки ,пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.

Критериуми за успех – намален број евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на дежурните наставници, намален број изречени педагошки мерки за учениците, Инструменти – писмена евиденција од дежурства на наставниците, евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците, протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници, Индикатор за успешност – намален број советувања на ученици и родители, Одговорен за следење – директор,одделенски раководители, стручни соработници, Повратна информација – -подобрување на дисциплината, а со тоа и на ефикасноста на наставата - почитување на правилата на однесување во училиштето - намален број на изречени педагошки

мерки за учениците - намален број на повикани родители на советување - одговорност за сопственото однесување од страна на сите субјекти во училиштето.

**Во интерес на одржувањето на дисциплината, запазување на безбедноста во училиштето, училишниот двор, како и стимулирање на навиките за културно однесување се реализираат следниве активности:**

| Планирана активност | Време на реализација | Реализатор | Извори/ ресурси | Методи и постапки при реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Воведување во правилата на однесување | Септември 2023г. | Стручна служба, одд. и пред. наст. | Кодекс на училиштето | Консултации со Директор и стручна служба | Успешна реализација на планот за подобрување на дисциплината во училиштето |
| Изготвување распоред на дежурни наставници | На почетокот од учебната година | Одделенски и предметни наставници | Кодекс на училиштето | Состаноци и договор на ниво на стручен актив | Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни наставници |
| Определување дежурни ученици за дежурства во училишниот ходник | Континуирано | Класни раководители и ученици | Кодекс на училиштето | Консултации со класните раководители | Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни ученици |
| Определување дежурни ученици по паралелки | Континуирано | Класни раководители | Кодекс на училиштето | Консултации со класните раководители | Позитивна училишна клима |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Давање насоки за однесувањето во тоалетите** | **Во текот на целата учебна година** | **Наставници** | **Кодекс на училиштето** | **Консултации и средби со стручна и техничка служба** | **Позитивна училишна клима** |
| **Соработка со Агенција за обезбедување** | **Во текот на целата учебна година** | **Директор** | **Кодекс на училиштето** | **Состаноци и договор со обезбедувањето** | **Позитивна училишна клима** |
| **Водење писмена евиденција за сите случувања во улилиштето и во дворот** | **Континуирано** | **Дежурни наставници и ученици** | **Кодекс на училиштето** | **Записници во дневникот за дежурства** | **Позитивна училишна клима** |

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во текот на учебната 2023/2024 година учениците под раководство на тимот за естестско уредување на холот и ходниците во состав од Наташа Станковска Зафировска, Маја Попова Мачовска, Марија Биковска ќе водат грижа за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето и опкружувањето во училиштето,со што се реализира едукативниот елемент на наставата и естетскиот изглед на просторот ( училниците ) во кои се поминува голем дел од денот. Училиштето со својата чистота, уредност и ликовно естетски изглед треба позитивно и стимулирачки да влијае на учениците. На тој начин ќе создаваме пријатна атмосфера и стимулативна средина за учење и работа. Естетско, функционално и тематско уредување на училниците и ходниците во училиштето се спроведува плански,организирано и континуирано.Вработените и учениците во текот на учебната година континуирано развиваат креативност и одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето (при тоа водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето).

По потреба се активираат и родителите и заеднички се грижат за уредување на паноата во училниците, за одржување на катчињата со ученички изработки во училишните холови, како и тековно одржување на хортикултурната естетика во училишниот двор.

Сите простории во училиштето функционално ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците со што се овозможува непречена реализација на современа настава.

## 19.3 Етички кодекси

Етички се однесуваме затоа што веруваме дека така треба и затоа што мислиме дека таквото однесување е правилно. При изготвување на Етичкиот кодекс, како појдовни вредности земени се: почитување, демократичност, чесност, праведност, интегритет и храброст.

Кодексот на однесување претставува главен инструмент за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес за развивање на културните односи, здрави меѓучовечки односи и развивање на свеста на учениците за одржување на инвентарот и хигиената во училиштето.Училиштето има изработено кодекси на однесување на вработените, на учениците, на родителите, кодекс за однесување на учениците за време на екскурзии. Кодексот ги дефинира правилата на однесување во училиштето кон кои треба да се придржуваат сите вработени.Тие се истакнати на видни места во училиштето и со нив се запознаени сите инволвирани. Редовно, на почетокот на секоја учебна година наставниците, учениците и родителите се потсетуваат на правилата на однесување во училиштето и се инсистира на нивно почитување.Со својот пристоен и уреден изглед,однесување и начин на комуникација,секој вработен во училиштето треба да биде позитивен пример за учениците. За непочитување на правилата на однесување за сите инволвирани следат соодветни мерки.

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето раководниот тим преку континуирана комуникација,соработка и состаноци со сите структури (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученички парламент, стручни активи) ќе врши размена на идеи, искуства и начини за унапредување на работата на училиштето. Во согласност со законската регулатива раководниот тим ќе одржува редовни состаноци на кои ќе се разменуваат мислења, идеи и сугестии за тековните работи и активности, како и креирањето на училишната политика. Комуникацијата ќе се темели на меѓусебно почитување и прифаќање и транспарентност во работењето, со што ќе се зајакнува и училишната клима. Вклучување на родителите во воспитно образовна дејност и отвореноста на училиштето кон средината, преставува чекор напред кон унапредување на добрите меѓучовечки односи, а кои пак се во прилог на воспитната дејност на училиштето.

За подобрување и зајакнување на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка од страна  ќе се организираат работилници за вработените како и други облици на соработка како : екскурзии ,прослави и други начини на дружење.

## *20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

## 20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Преку континуирано следење на работата на наставниот кадар од страна на директорот и стручната служба на училиштето, а во склоп со потребите на современата настава ќе се идентификуваат потребите и приоритетите за професионален развој на наставниот кадар. Преку поддршката на наставниот кадар за подобрување на своите стручни компетенции ќе работиме на зголемување на квалитетот и осовременување на наставта.
Брзите промени во општеството, науката и економијата бараат од воспитно – образовниот систем брзо ажурирање на знаењата и вештините за соочување со предизвиците на 21 век. Успехот на индивидуите, групите, организациите се повеќе зависи од перманентното усовршување на наставниците.

За подобрување на квалитетот на образованието на образовниот кадар покрај формалното образование треба да се зема предвид и концептот на доживотно учење т.е нивна континуирана надградба. Почитувајќи го концептот на доживотно учење и новините во образованието, како и констатираните состојби од изработената самоевалуација образовниот кадар ќе присуствува на понудените обуки, семинари, работилници, конференции, трибини, организирани од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието на Македонија, невладини организации и други релевантни институции.

Поаѓајки од искуството на училиштето на крајот од учебната 2022/2023 година, организирана е постапка за утврдување на потребите за промени во училиштето за учебната 2023/2024 година во соработка со стручните активи и како приоритети за оваа учебна година се утврдени следниве :

- Во наставните програми да се вметнат повеќе содржини кои ќе ја третираат воспитната компонента;

- Стручно доусовршување на одделенските и предметните наставници

- Подобрување на квалитетот на дополнителната и додатната настава

- Контрола и почитување на процедурите за следење на насилното однесување помеѓу учениците.

- Навремено и доследно изрекување на педагошки мерки кај учениците;

-Доопремување со наставни средства и помагала,

- Водење на електронска евиденција и документација

- Опремување на наставниците со лаптопи

- Обезбедување на постојана и квалитетна интернет врска

## 20.2 Активности за професионален развој

Професионалниот развој е заедничка агенда на сите вработени. Тоа е еден динамичен процес кој постојано се надградува и усовршува со цел да се постигне подобар квалитет и ефикасност на училиштата за што поголема улога има успешното раководење и управување со наставничкот потенцијал. Секој наставник е задолжен во рамките на сопствените потреби интереси и за потребите на училиштето да следи стручна литература, да посетува семинари, обуки и континуирано професионално да се усовршува и учи. Предуслови за градење на професионалниот развој се мотивација, способност за понатамошно учење и пристап до нови знаења.
Професионалниот развој ги содржи сите фази на кариерата, од почетник приправник до искусен наставник. Стручното усовршување е планиран процес кој се одвива преку разни видови формално и неформално учење. Него го сочинуваат различни стручни собири, конференции, семинари и работилници.

Целите на програмата за професионално усовршување на наставниот кадар се:

- Преземање одговорност за сопственото учење, учење преку соработка со други и стекнување навики за доживотно учење;
- Подобрување на стручните компетенции на наставниот кадар, стекнување вештини за креирање на воспитно – образовен процес кој овозможува учениците активно да мислат, учествуваат, критички размислуваат.

## 20.3 Личен професионален развој

Личниот и професионален развој на наставникот се следи преку професионалното досие и годишните извештаи за реализација на Личниот план за професионален развој на наставникот и се развива преку следење на семинари и обуки од МОН и БРО како и од дисеминации организирани од училиштето.

Секој наставник е задолжен за водење на сопствено професионално досие за чија контрола задолжени се директорот, стручни соработници, и инспекторите од ДПИ. Секој наставник треба да е мотивиран за постојано посетување на разни семинари, обуки, конференции, регионални средби заради стекнување на нови искуства, сертификати. Секој наставник треба пред почетокот на секоја година да има сопствен план за професионален развој .

Во текот на учебната 2023/2024 година од страна на БРО ќе се реализираат обуки за вработените според акредитирани програми за наставниот кадар и стручните соработници кои се понудени од страна на БРО и секој наставник

според потребите од личен професионален развој ќе избере каков вид на обука ќе посетува.

## 20.4 **Хоризонтално учење**

Хоризонталното учење подразбира организирано и планирано пренесување на знаењата или размената на професионалните искуства внатре во училиштето или помеѓу училиштата преку стручни активи, организирање на отворени часови, работилници и слично.
Наставниците на ниво на активи ќе разменуваат искуства во соработка со стручната служба и директорот на училиштето. Се планираат различини видови на организирање и пренесување на знаењата. Дисеминации, конференции од посетени обуки и семинари, организирање на отворени часови, стручни собири, работилници.
Планираме соработка и размена на искуства со други училишта што е еден од нашите приоритетите за оваа учебна година.

## 20.5 Кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Во училиштето се поддржува професионалниот и кариерниот развој на наставниците, бидејки тоа допринесува за напредок и развој на целото училиште.
Процесот на кариерен развој на наставниците, се одвива во три дела: приправнички период, период кога наставникот/стручниот соработник работи самостојно и период каде што се напредува во звање наставник/стручен соработник-ментор и наставник/стручен соработник-советник.

Образовниот кадар во училиштето е запознаен со:

- Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот

- Професионалните стандарди за наставник-ментор

- Професионалните стандарди за наставник-советник

Како поддршка во кариерниот развој училиштето ќе има за цел да го олесни снаоѓањето во училишниот живот и да понуди практични совети и иновативни идеи. Образовниот кадар ќе се запознае со стандардите за наставник/ стручен соработник –ментори и наставник /стручен соработник советник низ 6 подрачја и тоа:

1. Знаење за наставниот предмет и воспитно-образовниот систем
2. Поучување и учење

3. Создавање стимулативна средина за учење
4. Социјална и образовна инклузија
5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата
6. Професионален развој и професионалана соработка

Воспитно-образовниот кадар ќе се запознае и со критериумите за напредување во звањата ментор и советник како и процедурата за стенување на звање.

Критериуми за наставник /стручен соработник ментор :

- Наставникот/стручниот соработник ментор има 7 години работно искуство како наставник .
- Ги исполнува професионалните стандарди за ментор.

Критериуми за наставник /стручен соработник советник :

- Наставникот/стручниот соработник ментор има 9 години работно искуство како наставник/стручен соработник.
- Ги исполнува професионалните стандарди за советник.

## 21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1 **Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето:**

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор.

Вклучувањето на родителот/старателот во работата на училиштето е еден од главните елементи за постигнување подобри резултати на учениците,зајакнување на соработката меѓу образовниот кадар од училиштето и родителите со цел да придонесат за подобрување на условите во кои растат и учат децата.

Од родителите се очекува да ги застапуваат интересите на учениците преку своите тела во училиштето (Совет на родители) и преку другите тела во чија работа учествуваат (Училиштен одбор).

За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите на учениците се формира Совет на родители на училиштето.Во Советот на родители има по еден претставник од секоја параелка кој што го избираат родителите на родителски состанок на паралелката. Главни активности на Советот на родители се: дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа, расправа за извештајот за работа на училиштето, предлага програми за подобрување на стандардите за наставата, дава согласност на предлозите на директорот за воведување на повисоки стандарди,разгледува

желби на родителите во врска со воспитно-образовната работа,избира претставници во Училишниот одбор на основното училиште и врши други работи утврдени со Статутот на училиштето. Советот на родители изготвува програма и преку нејзината реализација се овозможува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето. Советот на родители делува во рамките на училиштето,соработува и со органите на локалната самоуправа.

Освен во планирањето, родителите можат да се вклучат и во реализацијата на воннаставните активности, работејќи заедно со наставниците кои се одговорни за самата реализација. Притоа, родителите можат да се јават во улога на помошници или на носители за активноста заедно со одговорниот наставник и кога се работи за краткотрајни и за подолготрајни воннаставни активности. На тој начин родителите можат да придонесат и за проширување на листата на воннаставни активности што ќе се реализираат во училиштето.

Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.

Соработката со родителите ќе се остварува преку:

- средби со родителите – Во текот на годината ќе се организираат општи родителиски средби, отворени денови и приемни денови (еднаш во неделата со истакнат распоред на огласна табла), индивидуални и групни родителиски средби за информирање на родителите за сите активности во училиштето,напредокот, постигањата и поведението на учениците
- Седници на Совет на родители
- Училишен одбор
- Веб страната на училиштето, Фб профилот на училиштето - родителите ќе се информираат за работењето и постигањата на училиштето.
- Телефонски, писмено, како и контакти преку користење на одобрените платформи за онлајн соработка
- Посета на семејството на ученикот (одделенски раководител, психолог, директор)

## 21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности:

*Во процесот на учење*

Родителите постојано и на редовните родителски средби се информираат за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење.
Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, седум и

повеќе неоправдани изостаноци, над сто оправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несооодветно однесување, согласно законот, се поканувaат на советување кое што го води психологот на училиштето.
Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи.
Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на одредени професии, струки и занимања.
Родителите земаат активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето.
Со свои предлози и лично вложување тие учествуваат во организизација на разновидни средби, прослави, натпревари,работилници, предавања, забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.
На веб страната на училиштето редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции.

*Во донесување одлуки*

За донесување на одлуки во училиштето родителите учествуваат во училиштето како претставници на Училишен одбор, и како претставници на Советот на родители. Исто така многу значајни се за донесување на одлуки и нивни мислења добиени по пат на анкети, прашалници, интервјуа и сл.
По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува ставовите на учениците и родителите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема во предвид нивните мислења и сугестии. Се формира Совет на родителите во рамките на паралелката и на училиштето и се изработуваат програми за реализирање на содржините и активностите.
На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираат за работата на училиштето и се разгледуваат суштински прашања, а на родителите-претставници им е овозможено активно и континуирано партиципирање во донесувањето на одлуки.

*Во воннаставни активности во училиштето*

Родителите имаат активна улога во давање иницијативи и се вклучени во организирање на воннаставните активности на училиштето: манифестации, работилници, натпревари, екскурзии, прослави, приредби, нагледни активности во рамките на различни наставни предметии сл.

**Програма за работа на Училишниот одбор**

Училиштниот одбор како највисок орган на управување функционира според определена динамика за работа, а реализираните седници произлегуваат од потребите во функција на квалитетна организација на работата на училиштето и

тоа:

- Предлага Годишна програма за работа на училиштето за тековната година училиштето;
- Усвојува Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето
- Донесува програма за развој на училиштето;
- Донесува програма за воведување на повисоки стандарди за работата на училиштето;
- Предлага финансиски план:
- Предлага годишна програма за јавна набавка:
- Предлага финансиски план и завршна сметка до основачот;
- Планира и донесува одлуки за набавка на основни средства;
- Дава мислење до директорот за избор на наставници и стручни соработници;
- Го следи успехот на учениците;
- Утврдува мерки за подобрување на условите за работа во училиштето;
- Одлучува по жалби на вработени, ученици и родители;
- Решава за потребни мерки на безбедност на училиштето;
- Се вклучува во Патрониот празник на училиштето;
- Соработува со Советот на родители;
- Избира постојани и привремени комисии;
- Разгледува други прашања утврдени со Статутот на училиштето;

## 21.3 Едукација на родителите/старателите

Соработката со родителите е една од најважните задачи на училиштето, како нераскинлив дел од триаголникот училиште - ученици - родители оваа година ќе се реализира програмата за советување на родители, за учениците кои се опфатени со правилникот за реализација на истата.

Предвидени се и да се одржат 3 работилници за сезитивизација на родителите за потребите за децата со ПОП од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор

За оние теми кои стручната служба и директорот на училиштето ќе увидат дека родителите имаат потреба од едукација ќе се реализираат едукативни, советодавно- консултативни работилници и предавања за родителите или ќе обработува некои од темите преку соопштенија, флаери или брошури.

Нашето училиште како и секоја година, така и оваа ќе изработува информативни материјали кои се во вид на брошура преку која родителите ги добиваат сите потребни информации (организација на наставата, податоци за наставни и приемни денови, топол оброк – ужинка, визија и мисија на училиштето, релизирани активности, веб страната на училиштето и други актуелни информации.

| Планирани активности | Носители на активноста | Време на реазлизација | Финансиски средства |
|---|---|---|---|
| Изработка на брошура за родители | Тим за изработка на брошура | Август 2023 | / |
| 3 едукативни работилници за родители сензитивизација на потребите на учениците со ПОП | Специјален едукатор | Септември 2023 –јуни 2024 година | / |
| Трибини и работилници за актуелни теми наменети од родителите за родителите | родители | Септември 2023 год – јуни 2024 год. | / |

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

**Локална заедница:**

Ова програмско подрачје го планираме со цел да ги ставиме сите ресурси на локалната средина во функција на училиштето, а кои се од интерес за воспитно образовната работа. Преку ова подрачје ги остваруваме следните задачи:

➢ искористување на материјалните можности на локалната средина за унапредување на дејноста на училиштето;

➢збогатување на воспитно-образовната работа како резултат од искористување на можностите на институциите од областа на културата, спортот и сл;

➢ орагнизирање на заеднички културно-уметнички, образовни спортски и други манифестации со другите училишта од општината;

➢ збогатување на воспитно-образовната работа како резулат на размена на знаења, мислења и искуства со наставниот кадар од другите училишта од општината.

Заради остварување на предвидените цели училиштето на високо ниво ја одржува комуникацијата со локалната самоуправа и месното население. Се предвидува да се реализираат состаноци, средби, дебати и трибини.

Дел од културно образовните активности во училиштето ќе се реализираат во соработка со населението од локалната средина и преку Детската организација на училиштето, која е основен двигател на сите активности, преку организацијата на Црвен Крст, реализацијата на еколошката програма и ќе се превземаат најразлични акции за соработка, а кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина.

Нашето училиште опстојува во средина каде има висока концентрација на субјекти од бизнис секторот, очекуваме поголема комуникација со цел поддршка на активнотите во нашето училиште. Посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени случувања во училиштето на кои се промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности, комуникација со медиуми и др. се предвидени во посебни програми.

**Институции од областа на културата**

За поадекватно реализирање на наставниот план и програм, за полесно осознавање на наставните планови и содржини планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата.

Во планирањата на наставниците се вкучени организирани посети на Музејот на македонската револуционерна борба, драмскиот театар за деца и младинци, Македонска Филхармонија, Македонска опера и балет, природно-научниот музеј, зоолошката градина, театри, кино, музеј на илузии и други знаменитости.

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од прво до деветто одделение ги планираат наставниците во своите наставни програми. Овие посети се планираат и реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења. Меѓу другите цели се и:

- поттикнување на љубовта кон филмската и театарската уметност;
- запознавање со историјата, културата, традицијата, наследството и минатото;
- да ги прошират сознанијата за непосредната околина;
- да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување;
- да се оспособуваат да користат различни извори на знаења;
- да ги прошират знаењата за културното богатство на својата татковина;
- да се ориентираат во просторот и времето;
- да ги прошират знаењата.

**Институции од областа на образованието**

**Континуирано во текот на целата учебна година ќе се одвива соработка со:**

- 1.Соработката со МОН може да биде во двонасочна комуникација преку разни барања, дописи, известувања, извештаи и други облици кои што произлегуваат од потребите во текот на целата учебна година, а се со цел постигнување на основните цели на воспитно-образовниот процес.
- 2. Соработката со БРО се заснова на пишана и електронска комуникација, како и средби организирани од нивна страна за професионален развој на наставниот кадар.
- 3.Соработката со ДПИ може да биде во пишана, електронска комуникација како и преку разни увиди и посети. Соработката со актив на директори може да биде преку разни средби, посети и состаноци, каде што се разменуваат разни искуства од работата во училиштата.
- 4.Соработката со детските градинки во непосредната околина ќе се оствари во мај при почеток на уписниот рок за запишување на ученици во прво одделение .
- 5.Соработка со основните и средните училишта ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставните и воннаставните активности како што се спортските натпревари и натпревари во разни други подрачја, литературни

читања, размена на искуства помеѓу наставниците и промоции на средните училишта.

**Невладини организации:**

Соработката со невладините организации е од големо значење за целокупниот развој и напредок на училиштето. Во учебната 2023/24 година ќе продолжи соработката со невладините организации

- НВО „Поврзани„ ,
- НВО„Отворете ги прозорците“,
- НВО Отворена Порта
- Општинска организација на Црвен крст Кисела Вода,
- НВО Нулта Отпад
- ПАКОМАК,
- Здружение „Дајте ни крила“
- Институт за брак и семејство и Системска пракса АЛТЕРНАТИВА, со кои веќе имаме работено на различни активности и проекти.

Нашето училиште постојано ги следи новините и понудите за соработка од невладините организации од областа на образованието и како и досега училиштето ќе биде редовен апликант за добивање на одредени проекти. Освен аплицирањето, останатите активности од ова подрачје ќе бидат спроведувани во согласност со условите кои ќе ги диктираат самите невладини организации.

**Спортски друштва:**

Со цел да се афирмира спортот меѓу младите, нашето училиште соработува со голем број спортски друштва, меѓу кои се:

- Федерација на училишен спорт на Македонија
- Федерација на училишен спорт на град Скопје
- Училишен спортски клуб "ООУ Ѓорѓија Пулески"
- Општински сојуз на училишен спорт Аеродром, Скопје

Активностите на спортските друштва ќе се реализираат преку учество на нашите ученици на локални, градски и државни натпревари во разни спортови. На овој начин ќе се поттикнува и спортскиот и натпреварувачкиот дух кај децата.

**Здравствени организации:**

Како и досега,училиштето ќе продолжи да соработува со институциите кои се директно поврзани со грижата за здравјето на учениците, а тоа се:

- Поликлиника „Јане Сандански“
- Центар за јавно здравје
- Меѓуопштински Центар за социјални работи на град Скопје,
- Завод за ментално здравје,
- Тим за функционалана процена по меѓународна класификација
- Црвениот Крст на Кисела Вода

Во текот на учебната година се предвидени и редовно се одржуваат стоматолошки и систематски прегледи за учениците од I-IX одделение.
Како и секоја година, така и оваа, училиштето ќе ја продолжи соработката со стоматолошката ординација на Поликлиниката „Јане Сандански“ со цел да се издигне самосвеста за оралното здравје

**Медиуми:**

Заради подобра информираност на заинтересираните субјекти, но и заради промоција и градење имиџ на училиштето, ООУ„Ѓорѓија Пулевски“ соработува со пишани и електронски медиуми од непосредната околина меѓу кои Канал 5, Сител, МТМ и други медиуми, а соработката е предвидена да продолжи и во нареднава учебна година. Детските постигнувања и творби се промовираат во детските списанија Развигор, Наш свет и Другарче. Најчесто како медиум за промоција на работата и постигнувањата на училиштето се користи Интернетот. Училиштето има своја група на социјалните мрежа Facebook и Instagram и тука ги пласира најблаговремено сите вести. Веб - страница на училиштето е исто така во функција и со неа се постигнува промоција на активностите и постигнувања, како и подобра информираност на заинтересираните субјекти.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште.

❖ Организација и реализација на наставата и учењето ќе се следи во текот на целата година преку :

- Годишниот  извештај за работата на училиштето

- Записници од Наставнички и Одделенски совети

-Евиденција за реализирани часови за Додатна и Дополнителна настава

- Увиди во педагошка евиденција во делот за општествено-корисна и хуманитарна работа и воннаставни активности

- Записници од индивидуални средби со ученици и родители

- Увид во педагошка евиденција (проектни активности)

- Записници од работата на ученичкиот парламент

- Брошури, флаери и веб-страна на училиштето

- Записници од работата на УИТ(Училишен инклузивен тим)

- Записници од состаноци на стручните активи

- Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални потешкотии

-Досијеа на учениците

-Записници од надлежни органи за контрола на хигиената во училиштето и здравјето на учениците

-Увиди во педагошка евиденција за изречени педагошки мерки

-Увиди во педагошка евиденција и документација за вклученост на учениците во воннаставни активности

-Инструмент за следење и вреднување на планирањето и подготовката на наставниот час

- Записници од следење на наставни часови

-Инструменти за оценување (тестови на знаења, листа за проверка, бодовни листи)

-Примери од оценети ученички трудови

-Електронски дневник

**Постигањата на учениците** ќе се следат со увид во:

- Годишен извештај за работата на училиштето

-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и училишниот одбор

-Записници од Наставнички и Одделенски совети

-Увиди во педагошка евиденција и документација

- Записници од работата на ИТУ

-Записници од посета на наставен час

-Евиденција за реализирани часови за Додатна и Дополнителна настава

-Досијеа на учениците

- Записници од средби со родители

-Електронски дневник

-Изложени трудови на учениците

-Паноа за пофалби, награди

-Увид во веб страната на училиштето

-Евиденција за наградени и пофалени ученици

**Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и кадар** ќе се следи со увиди во:

- Годишен извештај за работа на училиштето

- Записници од посета на наставен час

-Записници од посета на советници од БРО

-Записници од посета на инспектори од ДПИ

- Извештаи за професионалниот развој на наставниците

-Записници од работата на стручните активи

-Досијеа на наставниот кадар

-Записници и списоци од реализирани интерни обуки

-Самоевалуација и Развоен план на училиштето

-Застапеност во медиумите и веб-страната на училиштето

❖ Следењето на **Управување и раководење со училиштето** ќе се реализира преку:

-Годишен извештај за работа на училиштето

-Самоевалуација и Развоен план на училиштето

-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор

- Записници од Наставнички и Одделенски совети

- Застапеност во медиумите и веб-страната на училиштето

❖ **Комуникација и односи со јавноста** ќе се следи со увид во :

- Годишен извештај за работата на училиштето

-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и училишниот одбор

-Увид во педагошка евиденција (проектни активности)

-Записници од работата на ученичката заедница

-Податоци за организирани трибини, предавања и дебати

-Застапеност во медиумите и веб-страната на училиштето на учениците во воннаставни активности

❖ Во однос на **училишната клима и култура** имплементацијата ќе се следи преку:

-Годишен извештај за работата на училиштето

-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор

-Записници од Наставнички и Одделенски совети

-Увиди во педагошка евиденција во делот за општествено-корисна и хуманитарна работа и воннаставни активности

-Извештаи за професионалниот развој на наставниците Самоевалуација и Развоен план на училиштето

-План за следење и евалуација на реализираните Акциски планови

-Склучени договори,

-Податоци за организирани трибини, предавања и дебати

-Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални потешкотии

-Записници од надлежни органи за контрола на хигиената во училиштето и здравјето на учениците

❖ **Соработката на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница и невладиниот сектор** ќе се следи преку:

-Годишен извештај за работата на училиштето

-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и училишниот одбор

-Увиди во педагошка евиденција во делот за општествено-корисна и хуманитарна работа и вонаставни активности (записни реализирани активности во и со поддршка на локалната и деловната задница и невладиниот сектор)

-Застапеност во медиумите и веб-страната на училиштето

-Податоци за организирани трибини, предавања и дебати со родители и претставници од локалната и деловната заедница

-Документација од добиени донации

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

| *Активност* | *Носител* | *Начин на спроведување (ресурси)* | *инструменти* | *Очекувани резултати* | *Одговорно лице* | *Временска рамка* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Индивидуализирани програма за ученици со** | Училишен инклузивен тим , Специјален едукатор и | Чек листи Опсервации Прашалници Анегдотски белешки | Протокол за следење на | Изработени ИОП и | Стручна служба наставници | Учебна 2023/24 година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПОП** | рехабилитатор | ИОП Модифицирана програма | планиурањата на наставниците | модифицирана програма | Специјален едукатор и рехабилитатор | |
| **Ученички екскурзии** | Тим за организација на ексурзии | Училишен тим и туристичка агенција | Програма за екскурзии, извештаи, фотографии | Запознавање со културни знаменитости | Директор | Второ полугодие од Учебна 2023/24 година |
| **Ученички парламент** | Одговорен наставник | Извештаи,записници | Записници, извештаи, фотографии | Вклучување на учениците во работата на | Одговорен наставник | Учебна 2023/24 година |
| **Црвен крст** | Одговорно лице за Црвен крст | Хуманитарни акции, предавања,работилници, активности | Записници, извештаи, фотографии | Едуцирање на учениците и подигнување на свеста за хуманост | Весна Вукелиќ | Учебна 2023/24 година |
| **Следење и поддршка на оценувањето** | Стручна служба | Педагошка документација<br><br>Критериуми за оценување | Извештај од прегледани дневници | Усогласеност на оценувањето со предвидениt е стандарди | Стручна служба | Учебна 2023/24 година |
| | | натпревари(општински | Ранг | Афирмација на | | Учебна 2023/24 година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ученички натпревари** | Одговорни наставници | Регионални,државни, Меѓународни)конкурси, проекти манифестации | листи<br><br>Правилник за награда и казна | училиштето и поттикнување на натпреварувачки дух | Наставници | |
| **Општествено хуманитарна работа** | Одговорни наставници | Работилници, Манифестации, штандови | Извештај, фотографии | Развиена хуманитарна свест | Стручна служба , наставници | Учебна 2023/24 година |
| **Превентивни програми** | Наставници | Предавања, работилници | Извештај, фотографии | Познавања на своите права, препознавањ е на насилничко однесување | Стручна служба , наставници, родители, локална средина, институции | Учебна 2023/24година |
| **Профеионална ориентација** | Наставници и психолог | Работилници, презентации, тестови за професионална ориентација | Флаери, постери | Правилен избор на средно обр. | Стручна служба | Учебна 2023/24 година |
| **Безбедност во училиштето** | Директорот Стручна служба Наставници | Состаноци и практични вежби | Анкетни листови | Препознавањ е на знак и брз реакција во случај на елементарни | Директор Стручна служба, наставници, институции | Учебна 2023/24 година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | непогоди | | |
| **Позитивна социо емоционална клима** | Наставници, ученици, родители | Работилници | Работни листови | Да согледаат дека без меѓусебна поддршка и соработка нема другарство | Наставници | Учебна 2023/24 година |
| **Грижа за здравјето** | Тим за грижа на здравјето и реализација на едукативни теми и здравје | Предавања Работилници презентации | Работни листови, презентации | Грижа за здравјето, превенција | Наставници<br><br>Професионални лица | Учебна 2023/24 година |
| **Естетско уредување** | Тим за естетско уредување | катчиња изложби | Истражување, визуелно изразување | Пријатен простор за работа | Наставници, ученици | Учебна 2023/24 година |
| **ЕКО активности** | Одговорно лице за ЕКО – активности | Работилници, презентации | Анкети | Подигање на ЕКО свеста | Наставници | Учебна 2023/24 година |
| **Слободни ученички активности** | Наставници | Реализирани активности | Одделенски дневници, анкети | Продлабочув ање на знаењата на учениците | Наставници | Учебна 2023/24 година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мултикултура лизам** | Тимот за мултикултур ализам | Интернет, учебници, енциклопедии и друг пишан материјал | Флаери, хамери, постери, трудови | Почитув ање на другите и намалув ање на предрас удите | Наставни ци | Учебна 2023/24 година |
| **Професионал ен развој** | Тим за професиона лен развој | Презентации, практични вежби | Порт фолио cv | Запозна вање со текот на работата на тимовит е | Тим за професио нален развој, наставниц и | Учебна 2023/24 година |
| **Вклученост на семејството во работата на училиштето** | Тимот за подобрувањ е и продлабочув ање на соработката со родителите, директор, стручна служба | Анкетен лист, брошура | Работни листови | Подобру вање на училишн ата клима | Стручна служба, наставниц и, родители | Учебна 2023/24 година |
| **Комуникација со јавноста и промоција на училиштето** | Тим за комуникација со јавност и промоција на училиштето | работилници, трибини, посети | извештаи | промови рање, подобру вање на условите за работа | Педагошк о водство, тим за комуникац ија со јавноста, ученици, наставниц и | Учебна 2023/24 година |

## 25. Заклучок

Основното училиште е динамичен систем и да се испланира неговата целокупна работа во период на една година значи да се направи една рамка која во исто време ќе биде и флексибилна и прилагодлива на условите во даден момент. Важноста на дејноста на училиштето за детето, за семејството и за општеството како целина бара сериозен и сеопфатен пристап на планирањето на работата на училиштето. Годишната програма за работа на ООУ ,,Ѓорѓија Пулевски”-Аеродром,Скопје е изработена согласно Основните стручни и методолошки аспекти за изготвување на Годишна програма на основното училиште од Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието и ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РАЗВОЈНАТА И ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ. За секое подрачје по дејноста се изработени подетални планови и програми кои претставуваат нејзин составен дел.Оваа програма е отворена за нови идеи, програми, проекти и друго кои ќе водат кон унапредување на воспитно-образовната дејност на училиштето. Годишната програма е одраз на состојбите и условите во кои работи училиштето,како и врз основа на Годишниот извештај за работа на ова училиште во минатата година. Годишната програма за работа на училиштето претставува најзначаен документ за работа на училиштето. Во овој основен документ се наведени главните правци по кои треба да се ,,движи” училиштето во текот на учебната 2023/2024 година.Тука се прецизирани активностите на ниво на училиште, носителите на тие активности, роковите за нивна реализација, одговорностите на училишните субјекти како и очекуваните исходи и ефекти од нивното остварување.

Годишната програма за работа на ООУ „Ѓоргија Пулевски„– Аеродром Скопје, претставува сеопфатен и детален оперативен план со кој е програмирана целокупната работа во училиштето и овој суштински документ ефикасно ќе не води при реализација на планираните активности.

Во програмата се опфатени општи податоци за училиштето, податоци за наставниот и ненаставниот кадар, за телата на управување, учениците, приоритетните подрачја на промени, видови на настава и воннаставни активности, вонучилишни активности (екскурзии, излети), проекти кои ќе се реализираат, грижа за здравјето и безбедноста на

учениците,унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничка интеграција, поддршка на учениците, видови оценувања, самоевалуација на училиштето, следење на наставата, училишна клима, професионален и кариерен развој на наставниците, соработка со родителите, комуникација со јавноста и промоција на училиштето.

Деталноста со која е направена програмата ќе овозможи таа да претставува основен водич во работата на сите субјекти во училиштето, бидејќи во неа се вткаени сите планови на активности и потребни нормативи кои ја уредуваат работата на училиштето.

Администрацијата во училиштето навремено ги реализира своите активности заради овозможување непречена работа на училиштето од аспект на обезбедување на потребните средства и услови. Поаѓајќи од претходното, како и законските обврски за донесување на овој документ во изготвувањето на оваа Годишна програма беа вклучени училишни тимови и поединци.

При изработката се земени и следните појдовни точки:

❖ Анализа на степенот на реализација на минатогодишната програма за работа на училиштето

❖ Промени во наставните планови според бројот на наставните часови и промена во наставните содржини

❖ Промени и иновации кои ги планира училипштето

❖ Планови и програми за работата на директорот,психологот,педагогот, специјален едукатор,наставниците, наставничкиот совет, одделенските совети и стручните активи

Програмата е отворена и доколку се јави потреба од измена и дополнување по укажување на Бирото за развој на образованието, тоа ќе биде направено со анекс.

**26.Комисија**

1.Марјан Јовановски- директор

2.Виолета Каркинска - предметен наставник

3 Зорица Крстевска Стефковска – предметен наставник

4.Офелија Груевска - одделенски наставник

5. Ана Петровска - одделенски наставник

5. - ученик

**27. Користена литература**


1. Развојна програма на ООУ„Ѓоргија Пулевски„ за учебната 2022-2026 година
2. Самоевалуација на ООУ„Ѓорѓија Пулевски„ 2020-2022 година
3. Годишен извештај за работа и постигнтите резултати на училиштето во учебната 2022/2023 година
4. Статут на ООУ„Ѓоргија Пулевски“
5. Закон за основно образование (Службен весник на РСМ , бр.161 од 05.08.2019 година) .
6. Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019 година).
7. Концепција за основно образование
8. Закон за јавни набавки ( “Службен весник на Република Македонија„ бр.24/19)
9. Наставник од почетник од ментор -Водич за професионален и кариерен развој на наставниците во основните и средните училишта , Македоски центар за граѓанско општество (МЦГО) Скопје, 2016 година
10. Стручен соработик од почтник до ментор - Водич за професионален и кариерен развој на стручните соработници во основните и средните училишта, Македоснки центар за граѓанско општество (МЦГО) Скопје, 2016 година
11. Националната програма за развој на образованието во РСМакедонија
12. Законот за организација и работа на органите на државната управа


Дата, Скопје, 30.06.2023 год

**Потпис на Директорот на ООУ ,,Ѓорѓија Пулевски,,**

______________________________

***Марјан Јовановски***

**Потпис на Претседател на училишен одбор**
**на ООУ ,,Ѓорѓија Пулевски,,**

______________________________

***Зоран Наков***